Влада на Република Северна Македонија
**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ЗА 2023 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-3378 | | Николче Бабовски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 14.11.2022 година | | в.д Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | [потпис] |

**Република Северна Македонија**

**Агенција за храна и ветеринарство**

## I. Резиме

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор (*Сл. Весник на Република* Северна *Македонија бр. 102/19*) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба (*Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 238/19*), донесе Годишниот план за работа на инспекциската служба за 2023 година и истата ги содржи следните поглавја:

I. **Насловна страна**
II. **Резиме**
III. **Анализа на ризици**
IV. **Организација и раководење**
   а) Правен статус на институцијата;
   б) Раководство;
   в) Надлежности;
   г) Организациска структура и
   д) Состојба со човечки ресурси.

- Табеларен преглед на административни државни службеници,
- Табеларен преглед на вкупниот број на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во годината, по вид, возраст и звање (Табела 1) и
- Табеларен план за нови вработувања и пензионирања на инспектори (Табела 2),

V. **Инспекциски надзор**
   - Табеларен преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2023 година, по региони и општини
   - Табеларен преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2023 година, по региони и општини
   - Дополнителна табела по закони.

VI. **Обука на инспекторите и административните службеници**
   - Табела бр. 1 - Годишна план за обуки на административните службеници во Агенција за храна и ветеринарство за 2023 година и
   - Табела бр. 2 - Годишна план за обуки на Официјални ветеринари и Инспектори за храна за 2023 година.

VII. **Буџет и финансирање**
VIII. **Меѓународна соработка**
IX. **Други активности на инспекциската служба**

## II. Анализа на ризици

Во текот на 2023 година на ниво на Секторот за инспекциски надзор предмет на инспекциски надзори ќе бидат: производство, промет, дистрибуција и угостителство, увоз и извоз со посебен акцент на имплементирањето и одржувањето на ДХП, ДПП и HACCP системот како и соодветното означување на храната. Мониторинг на контаминација на храната од домашното производство и од увоз, здравствената заштита и благосостојба на животните.

При креирањето на официјалните контроли се задаваат определени критериуми кои во предвид ги земаат воочените ризици направени врз основа на претходни сознанија, наоди и направени анализи.

Фреквенцијата на официјалните контроли за 2023 година се одредува согласно критериуми базирани на ризик кои се дефинирани согласно новата Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр. 23-2399/2 од 19.10.2020.

Со оваа методологија се пропишуваат елементите и критериумите за проценка на ризикот, начинот на проценка на ризик при вршење на инспекција во Агенција за храна и ветеринарство и посебните елементи на планот за инспекциски надзор и фреквенцијата на вршење на надзор врз основа на проценка на ризик во областа на безбедноста на храната, безбедноста на храната за животни, нус производи, здравствена заштита и благосостојба на животните.

Ризиците според видот на штетите можат да се групираат на:

- загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување;
- ограничување, односно спречување или попречување на остварување на некое право или интерес на некое физичко и/или правно лице;
- загрозување на животната средина и
- загрозување на здравјето на луѓето и животните.

Целта не е само ex post дејствување во услови на појава на ризици и несакани појави туку и проактивен однос кон несакани појави и зголемен обем на надлежности односно преку редовните инспекциски надзори намалување на веројатноста од настанување на можни ризици и појава на штетни последици, па поради тоа управувањето со ризици и процена на ризиците е од исклучителна важност во секојдневното работење на Агенцијата - Секторот за инспекциски надзор. Тоа подразбира воспоставување на ефикасен и ефективен систем на инспекциски надзори кои треба да се засноваат на извршената анализа и проценка на ризик, земајќи ги во предвид релевантните фактори на ризик и приоритетите селектирани врз основа на ризикот со цел заштитување од најштетните последици.

Пристапот за поставување на приоритети врз основа на проценка на ризик е преку транспарентен, координиран процес кој е прифатен од страна на јавноста и се спроведува преку двата параметри:

- тежина на штените последици и

- веројатноста на изложеност на приемчиви организми (луѓе, животни) и средина на потенцијален ризик.

Начинот на управување со ризиците претставува еден циркуларен процес кој ги содржи следните елементи: анализа на ризиците, утврдување и проценка на ризиците, постапување по ризиците и следење и известување.




а) Анализата подразбира идентификација на видот на ризиците кои се појавуваат кај секој посебен вид на субјект под надзор, кој ќе зависи од самата природа на дејноста и активностите на субјектот.

б) Во фазата на утврдување и проценка, се врши идентификација и предвидување на можните штетни последици кои можат да се предизвикаат со дејноста на субјектот под надзор и на кого точно се однесуваат штетните последици, т.е. кој би можел да трпи штетни последици. Проценката на ризиците се врши врз база на тежината и веројатноста за случување на штетните последици.

в) Постапување е фаза каде се применува планот и се извршуваат надзорите. Во оваа фаза постојано да се следи и споредува предвиденото и реалното сценарио за да се утврди реалноста на проценката и доколку се воочи дека проценката не е соодветна или дека настанеле други настани кои влијаат на ризиците, веднаш треба да се направи повторна проценка на ризиците според новонастанатата ситуација.

г) Следење и известување е фазата во која се следи успешноста на проценката на планот и ризиците, каде се споредуваат резултатите од надзорите и се врши проценка на самата методологија на проценка на ризик, начинот на утврдување и мерење на

ризиците и доколку е потребно се врши соодветна корекција. Ова е фаза за прибирање и анализа на научени лекции од минатиот период и нивно преточување во нови решенија кои придонесуваат за одбегнување на претходните грешки.

Управувањето со ризици овозможува:

- поквалитетно донесување на одлуките;

- подобро предвидување и оптимизирање на расположивите ресурси;

- согледување на приоритетите и

- избегнување на идните проблеми во текот на работењето.

Целта на управување со ризиците е да ги доведе ризиците до прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат или намалат веројатноста од појава на ризикот и ќе ја намалат или елиминират на прифатливо ниво штетата од ризикот.

**Правен основ**

Агенцијата за храна и ветеринарство ги спроведува инспекциските надзори за да се верификува сообразноста на субјектите со барањата од прописите од областа на безбедноста на храната, храната за животни и ветеринарното здравство како и усогласеноста меѓу планираните активности и нивно имплементирање / документирање од страна на субјектите.

Лицето кој спроведува инспекциски надзори треба да биде ефективно и непристрасно. Не смее да има конфликт на интереси, да ги поседува потребните вештини и да биде добро обучено, со искуство кое постојано се надградува од соодветната област.

Редовните инспекциски надзори се извршуваат со претходно најавување, но и без најавување во случај кога со најавата ќе се намали целта на инспекцискиот и во секој случај при сомнеж за постоење на неправилности, за појави на болест или труења со храна.

Инспекциските надзори се извршуваат од страна на официјалните ветеринари и инспекторите за храна на локално ниво (П.Е) и од страна на централно ниво, со фрекфенција утврдена со оваа методологија.

Мисијата на Агенцијата за храна и ветеринарство се зајакнати, конзистентни, ефикасни и ефективни инспекциските надзори во областа на безбедноста на храната, храната за животни, здравјето, заштитата и благосостојба на животните со цел заштита на јавното здравје и животната средина.

**Методолошки пристап за процена на ризици според ЗИН**

Штетните последици можат да произлезат од неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои Агенцијата за храна врши инспекциски надзор.

Со неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите може да дојде до:

- загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување ограничување, односно спречување или попречување на остварување на некое право или интерес на некое физичко и/или правно лице;
- загрозување на животната средина и
- загрозување на здравјето на луѓето.

Согласно оваа Методологија, проценката на ризиците во делокругот на надлежностите на АХВ се врши врз база на анализа на постоечката состојба од аспект на работење на субјектите кои се предмет на инспекциски надзор и врз база на извршените инспекциски надзори во изминатите години.

Со анализата се врши проценка на ризиците и последиците произлезени од неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои АХВ врши инспекциски надзор.

Проценката се врши врз основа на стекнатото искуство при долгогодишното вршење на инспекциски надзор (инспектирање на одредени субјекти) во минатото, во областите за кои е надлежен АХВ, законската и подзаконската регулатива, изворите на информации и податоци за идентификување, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, бесплатниот телефонски број, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати и сл.

Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на плановите за работа на инспекциската служба.

Проценката на ризик ја вршат искусни и обучени лица кои според систематизацијата на АХВ имаат таков опис на работното место и се задолжени за управување со ризиците, или може да се формира посебен тим во рамки на АХВ. Тимот за проценка на ризик се именува од страна на Директорот на АХВ. Лицата задолжени за вршење на проценка на ризикот изготвуваат Извештај за извршена проценка на ризик за следната година најдоцна до 30.11 секоја година. Лицата за вршење на проценка на ризик одговараат пред Директорот на АХВ. Извештајот за извршена проценка на ризик е задолжителен документ при изготвувањето на Годишна програма за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство и се изготвува врз база на оваа Методологија.

**Идентификување на ризиците / ризични области согласно делокругот на работењето на инспекциската служба**

Опис на субјекти под надзор на АХВ-Сектор за инспекциски надзор

| Области | Групи субјекти |
|---|---|
| Безбедност на храна | **Одобрени оператори со храна од животинско потекло (вид):** |

| | |
|---|---|
| Кланица за папкари | 23 |
| Кланица за зајци | 2 |
| Месопреработка-мелено месо,подготовки,МОМ | 16 |
| Месопреработка-производи од месо | 49 |
| Кланица за фармски одгледуван дивеч | 1 |
| Објект за обработка на месо од дивеч- | 4 |
| Кланица за живина | 3 |
| Објект за расекување(во кланици,во објекти за месопреработки) | 26 |
| Млекари и мандри | 73 |
| Објекти за производи од риба-преработки на риба и расекување | 2 |
| Објекти за производи од риба-препакување на риба и производи од риба | 6 |
| Топена жив.маст и чварци | 10 |
| Обработени желудници,мочни меури и црева | 1 |
| Објект за жаби и полжави | 1 |
| Веледрогерии и ветеринарни аптеки | 23 |
| Склад / Ладилник за скалдирање | 91 |
| Склад / Ладилник за препакување | 15 |

| | |
|---|---|
| Објект за обработка и манипулација на мед | 17 |
| Собирен центар за јајца | 1 |
| Сортирница за јајца | 58 |
| Собирен пункт за млеко | 0 |
| Мешовити производи и извозници за мешовити производи | 15 |

- Вкупно одобрени оператори за храна од животинско потекло:-437 субјекти

**Регистрирани оператори со храна од животинско потекло**:

| | |
|---|---|
| Месара со дел за обработка на месо- | 568 |
| Рибарница | 145 |
| Месара | 671 |
| Специј.продавници за јајца | 24 |
| Други малопродажни објекти | 49 |
| Регистриран магацина за ПЖП без термички режим | 40 |
| Угостителски објекти(ВР)(5% од регистрираните објекти)-400 на број | 487 |
| Примарни производители на месо и производи од месо | 9 |
| Примарни производители на месо од дивеч | 1 |
| Примарни производители на млеко и производи од млеко | 11 |
| Примарни производители на јајца | 24 |
| Примарни производители на мед | 437 |
| Примарни производители на риба | 25 |

<table>
<tr><td></td><td><table><tr><td>Увозници на храна од жив.потекло</td><td>604</td></tr></table>Вкупно регистрирани оператори со храна од животинско потекло- 2608 субјекти на надзор (без бројката 487 за угостителски објекти)</td></tr>
<tr><td>Безбедност на храна за животни</td><td><table><tr><td>Одобрени оператори со храна за животни</td><td>23</td></tr><tr><td>Регистрирани оператори со храна за животни</td><td>421</td></tr><tr><td>Увозници на храна за животни<br><br>Вкупно оператори со храна за животни: 672 субјекти на надзор</td><td>228</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Нус производи од животинско потекло</td><td><table><tr><td>Објект за интермедијарни активности и за складирање нуспроизводи од ЖП-</td><td>142</td></tr><tr><td>Објекти за производство на храна за домашни миленици</td><td>1</td></tr><tr><td>Објекти за нуспроизводи и деривати (трофеи)</td><td>17</td></tr><tr><td>Објекти за производство на органско ѓубре и збогатувачи на почва</td><td>2</td></tr><tr><td>Објекти за производство на биогас</td><td>3</td></tr><tr><td>Увозници на нус производи</td><td>142</td></tr></table>Вкупно оператори за нус производи од животинско потекло: 307 субјекти на надзор</td></tr>
<tr><td>Производство, промет и употреба на ВМП</td><td>1. Ветеринарни аптеки-2<br>2. Ветеринарни веледрогерии-24<br>Вкупно субјекти-26</td></tr>
<tr><td>Здравствена заштита, благосостојба и идентификација и регистрација на животните</td><td><table><tr><td>Ветеринарни друштва</td><td>129</td></tr><tr><td>Вететринарни друштва без договор за извршување на активности од јавен интерес</td><td>54</td></tr></table></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Ветеринарна служба на одгледувалиште | 11 |
| Одгледувалишта на говеда | 1609 |
| Одгледувалишта на свињи | 469 |
| Одгледувалишта на овци/кози | 256 |
| Одгледувалишта на пчели | 364 |
| Одгледувалишта на копитари | 431 |
| Одгледувачница на домашни миленици | 0 |
| Живинарски фарми | 201 |
| Одгледувалиште на полжави | 17 |
| Собирен центар за полжави | 4 |
| Одгледувалиште на желки | 19 |
| Ловни друштва | 105 |
| Аквакултура-пастрмки | 50 |
| Аквакултура -крап | 33 |
| Карантин за аквакултура | 1 |
| Прифатилиште за бездомни кучиња | 21 |
| Одгледувалиште за бројлери | 6 |
| Добитични пазари | 8 |
| Собирни центри за животни | 3 |
| Продавница за домашни миленици | 4 |
| Родителски јата за кокошки несилки и бројлери | 3 |

| | |
|---|---|
| Инкубаторска станица за ведење јајца | 2 |
| Центар за складирање на семе за вештачко осеменување и промет на семе за вештачко осеменување | 7 |
| Центри за репродукција и производство на семе за вештачко осменување | 1 |
| Центри за собирање, производство и обработка на јајце клетки, ембриони и ембриотрансфер | 0 |
| Превозници на живи животни | 152 |
| Институции снадбувачи и корисници за експериментални животни | 1 |
| Овластени правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животни | 6 |

Основните статистики за субјектите под надзор се дадени во Анекс 3 на оваа методологија и тие се ажурираат секоја година според актуелната ситуација.

Област и одделен вид на група на субјекти под надзор:

## 1. Област Безбедност на храна

### 1.1. Одобрени оператори со храна од животинско потекло

Одобрените оператори со храна од животинско потекло вршат производство и промет на производи од животинско потекло на цела територија на Р. Северна Македонија, увоз и извоз на храна од животинско потекло.

Храната која ја произведуваат претствува ризик по здравјето на луѓето.

Вкупно: 437 Субјекти.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за безбедност на храна и врши надзор на храната од животинско потекло во сите фази на производство, промет и дистрибуција како и при извоз и увоз.

### 1.2. Регистрирани оператори со храна од животинско потекло

Регистрираните оператори со храна вршат производство и промет со храна од животинско потекло за директно снабдување, локално и регионално. Тие се снабдуваат со суровини за производдство од одобрени оператори со храна од животинско потекло или директно и од одгледувалишта кои произведуваат примарни производи од животинско потекло.

Вкупно има регистрирано: 2608 субјекти

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за безбедност на храна и врши надзор на храната од животинско потекло во сите фази на производство, промет и дистрибуција.

### 1.3. Регистрирани оператори со храна од неживотинско потекло

Регистрираните оператори со храна вршат Производство на храна од неживотинско потекло и промет со храна од неживотинско и животинско потекло во малопродажба, како и увоз и извоз на храна од неживотинско потекло и материјали кои доаѓаат во контакт со храна од неживотинско потекло

| Број на објекти-оператори со храна од неживотинско потекло според активноста | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Објекти –Промет (продажба,складирање)** | **Објекти-Угостител ство** | **Објекти -Производство (производство, преработка, препакување)** | |
| 9432 | 17809 | 1613 | 28854 |

Вкупно оператори со храна од неживотинско потекло - 28854.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за безбедност на храна и врши надзор на храната од животинско потекло во сите фази на производство, промет и дистрибуција како и при извоз и увоз.

Основен ризик од работењето на одобрените оператори со храна од животинско потекло и на регистрираните оператори со храна од животинско и неживотинско потекло е ризик по здравјето на луѓето и по животната средина.

Целна група е луѓе од сите возрасни категории.

Линкови до интернет адреси каде можат да се најдат листи на субјектите под надзор*:* *www.fva.gov.mk*

Операторите со храна произведуваат производи кои според природата и можноста да се контаминираат со патогени се поделени во три категории на ризик: Висок, среден и низок ризик прикажани во табелата подолу.

| Ризик на храна | | |
|---|---|---|
| I Категорија<br><br>Висок ризик | II Категорија<br><br>Среден ризик | III Категорија<br><br>Низок ризик |
| Месо | Билки | Мед |

| | | |
|---|---|---|
| Млеко<br>Риба<br>Јајца | Житарки<br>Овошје<br>Зеленчук<br>Масти (масло)<br>Јаткасти плодови<br>Брашно<br>Квасец<br>Кафе, какао | Вода<br>Сол<br>Шеќер<br>Печурки<br>Оцет<br>Материјали кои доаѓаат во контакт со храната |

А производните процеси согласно можноста за контаминирање на храната во текот на производството се исто така поделени во три категории на ризик:

Висок, среден и низок прикажани во табелата подолу.

| Категорија на процеси | Опис на категоријата |
|---|---|
| Висок ризик | Процеси каде можноста да дојде до контаминирање на производите е голема или да доведе до раст на патогени или условно патогени микроорганизми и нивни токсини е голема, како и голема можност за физичка и хемиска контаминација. |
| Среден ризик | Процеси каде има голема можност да се контаминираат производите или да доведе до раст на патогени или условно патогени микроорганизми, нивни отрови, како и можноста на физичка и хемиска контаминација |
| Низок ризик | Процеси со кои се елиминира можноста да се контаминираат производите или да доведе до раст на патогени или условно патогени микроорганизми, нивнит отрови и физичката и хемиската контаминација е ретка. |

Согласно со горе наведената табела за категории на процеси, направена е категоризација на определени основни видови на производни процеси. Процесите се категоризирани во три категории прикажани во табелата подолу.

| Процеси по ризик | | |
|---|---|---|
| I Категорија | II Категорија | III Категорија |

| Висок ризик | Среден ризик | Низок ризик |
|---|---|---|
| Расекување<br>Мелење<br>Мешање<br>Обликување<br>Маринирање<br>Термизација | Препакување<br>Пастеризација<br>Лупење | Пакување<br>Складирање<br>Транспорт<br>Продажба<br>Стерилизаија<br>Брзо срзнување<br>Сеење<br>Филтрирање<br>Дестилација<br>Сушење<br>Конзервирање<br>Ферментација<br>Разредување<br>Газирање<br>Цедење(пресување)<br>Печење<br>Пржење<br>Варење<br>Рафинирање<br>Послужување |

Комбинации од ризикот на производот и ризикот на процесот се искористени за да се утврди основната групна категоризацијата на објекти по ризик.

Категориите на објектите по групи и по ризик се утврдени во табелата подолу.

| Категорија објекти | Опис на категоријата |
|---|---|
| Висок ризик | Објекти со храна кои се занимаваат со производи и / или операции каде постои сериозен ризик за потрошувачите. |

| | |
|---|---|
| Среден ризик | Објекти со храна вклучувајќи производи и / или операции со потенцијал да претставуваат ризик за потрошувачите. |
| Низок ризик | Бизнис со храна кој вклучува производи и / или операции каде потенцијалот да предизвика штета на потрошувачите е на ниско ниво. |
| Многу низок | Бизнис со храна кој вклучува производи и / или операции каде потенцијалот да предизвика штета на потрошувачите е многу низок |

Со комбинација на категоријата на ризик на производот и на категоријата на ризик на производниот процес извршена е категоризација на објектите според ризик по групи на дејност кој ја вршат и тоа:

Објекти кои произведуваат производ од висок ризик и со производен процес од висок ризик:

- Кланица

Објекти за расекување на месо

Месари со работилници

Ресторани / кујни, гостилници, слаткарници

Објекти за подготовка на месо

Собирни центри за млеко

Објекти за производство на слаткарски производи

Други високо ризични угостителски објекти

Објекти за преработка на јајца

Објекти за преработка на риба

Рибарници

Објекти кои произведуваат производ од среден ризик со процес од висок ризик, како и производ од висок ризик со процес од среден ризик се следните група на објекти:

| | |
|---|---|
| Млекара<br><br>Објекти за препакување на месо<br><br>Објекти за препакување на риба<br><br>Објекти за месни производи<br><br>Објекти за производи од риба<br><br>Објекти за производи од јајца | Објекти за производство на чаеви, зачини, додатоци на храна, адитиви и сол<br><br>Мелници<br><br>Објекти за преработка на јаткасти плодови<br><br>Објекти за преработка на зеленчук<br><br>Објекти за преработка на овошје |

| | |
|---|---|
| | Објекти за производство на леб и бели пецива<br><br>Објекти за преработка на масла и производи од масла<br><br>Објекти за преработка на кафе и какао |

Објекти кои произведуваат производ од висок ризик со процес од низок ризик, како и производ од низок ризик со процес од висок ризик, производ од среден ризик и процес од среден ризик се следните група на објекти:

| | | |
|---|---|---|
| Објекти за производство на кондиторски производи<br><br>Објекти за собирање и пакување на мед<br><br>Објекти за производство на мраз<br><br>Објекти за производство на безалкохолни пијалоци и пиво<br><br>Објекти за преработка на печурки<br><br>Објекти за производство на шеќер | Објекти за доработка и препакување (житарки и јаткасти плодови)<br><br>Објекти за препакување на овошје и зеленчук<br><br>Објекти за производство на квасец | Ладилници - замрзнати производи од животинско потекло<br><br>Објекти за месо и месни преработки<br><br>Објекти за промет со риба<br><br>Објекти за промет со млеко и млечни производи<br><br>Објекти за собирање  и пакување на јајца<br><br>Објекти за конзервирано месо<br><br>Објекти за конзервирана риба<br><br>Објекти за производство на трајни производи од месо<br><br>Останати угостителски објекти со пржење, печење и варење (гиро, пицерија, паланчикара, скара на кило, сендвичари, ќебапчилници, бифе)<br><br>Објекти за подготовка и продажба |

Објекти кои произведуваат производ од среден ризик со производен процес од низок ризик, како и производ од низок ризик со производен процес од среден ризик се слените групи на објекти:

| | |
|---|---|
| Објекти за продажба на храна (неспоменати во другите категории) | Објекти за складирање и чување |

| | |
|---|---|
| Кафе бар<br>Винарии<br>Објекти за производство на алкохолни пијалоци<br>Објекти за производство на оцет<br>Објекти за продажба на овошје и зеленчук-Пиљари<br>Зелени пазари | Објекти за пакување и препакување на шеќер<br>Објекти за производство на материјали кои доаѓаат во контакт со храна.<br>Објекти за промет со материјали кои доаѓаат во контакт со храна |

И најпосле објекти кои произведуваат производ од низок ризик со производен процес од низок ризик се следните групи на објекти:

- Објекти за пакување на вода и
- Јавни водоснабдителни објекти.

Оваа категоризација на објектите по групи и видови врз основа на категоријата на производот и категоријата на процесот според ризикот ќе помогне во проценката на ризик на секој поединечен субјект во областа на безбедноста на храна од животинско и неживотинско потекло.

## 2. Безбедност на храна за животни

### 2.1. Одобрени оператори со храна за животни

Вршат производство и промет со храна за животни кои користат адитиви и произведуваат за сопствени потреби и за промет и дистрибуција до други потрошувачи, како и увоз и извоз на храна за животни.

Вкупно: 23 субјекти.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна за животни со Законските и подзаконските прописи за безбедност на храна за животни и врши надзор на храната за животни во сите фази на производство, дистрибуција и промет, како и при увоз и извоз.

### 2.2. Регистрирани оператори со храна за животини

Вршат производство и промет со храна за животни кои не користат адитиви и вршат производство за сопствени потреби и вршат промет и дистрибуција до други потрошувачи.

Вкупно: 421 субјекти.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна за животни со Законските и подзаконските прописи за безбедност на храна за животни и врши надзор на храната за животни во сите фази на производство, дистрибуција и промет,како и при увоз и извоз.

**2.3. Објекти за производство на храна за домашни миленици од нус производи од животинско потекло**

Производство и промет на храна за домашни миленици од нус производи од животинско потекло.

Број на субјекти на надзор: 1 субјект.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна за животни со Законските и подзаконските прописи за безбедност на храна за животни и врши надзор на храната за животни во сите фази на производство, дистрибуција и промет, како и при увоз и извоз.

Основен ризик од работењето на субјектите е ризик по здравјето на животните кои ја користат храната.

Целна група е сите видови и категори на животни и луѓе кои ги користат производите од тие животни.

Линкови до интернет адреси каде можат да се најдат листи на субјектите под надзор:*www.fva.gov.mk.*

**3. Област Безбедност на нус производи од животинско потекло**

**3.1. Регистрирани оператори и објекти со нус производи од животинско потекло**

Вршат производство и промет со нус производи од животинско потекло и на производи добиени со преработка на нус производи од животинско потекло од категоии 1, 2 и 3:

Број на субјекти на надзор: 142 субјекти

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за нус производи од животинско потекло и врши надзор над нус производите во сите фази на производство, промет и дистрибуција, како и при увоз и извоз на нус производи и деривати од нус производи.

Основен ризик од работењето на субјектите е ризик по здравјето и безбедност на луѓето, животните и животната средина.

Целна група е: домашни миленици, луѓе

Линкови до интернет адреси каде можат да се најдат листи на субјектите под надзор:*www.fva.gov.mk.*

**4 .Област производство, промет и употреба на ВМП**

**4.1. Ветеринарни друштва**

Вршат промет и користење на ВМП во третман на животни со цел заштита на здравјето и благосостојбата на животните, мерки за откривање и сузбивање на заразни и паразитски болести и заштита на јавното здравје.

Број на субјекти:. 165

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на субјектите со Законските и подзаконските прописи за ветеринарно-медицински препарати.

### 4.2. Веледрогерии

Вршат промет со ВМП на големо до ветеринарни друштва и до аптеки.

Број на субјекти:. 23 субјекти

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за ветеринарно-медицински препарати.

### 4.3. Ветеринарни аптеки

Вршат промет на мало со ВМП до крајни корисници-сопственици на животни.

Број на субјекти(од регистарот): 2 субјекти.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за ветеринарно-медицински препарати.

Основен ризик од работењето на субјектите е ризик по здравјето на животните и луѓето кои ги користат производите од тие животни од квалитетот на услугите што ги даваат субјектите

Целна група е сите категории на животни и одгледувачи и сопственици на животни

Линкови до интернет адреси каде можат да се најдат листи на субјектите под надзор:*www.fva.gov.mk.*

## 5. Област здравствена заштита, благососотојба и идентификација и регистрација на животните

### 5.1 Ветеринарни друштва и служби на одгледувалиште

Спроведуваат примарна, секундарна и терцијарна Здравствена заштита и благосостојба на животните, спроведување на активности од јавен интерес согласно Законот за ветеринрно здравство.

Број на субјекти: 165

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за здравствена заштита, благососотојба и идентификација и регистрација на животните и употреба на ВМП.

### 5.2. Одгледувалишта на животни

Одгледување на животни за сопствени потреби и за продажба на животни и производи од нив:

Број на субјекти:

Одгледувалишта на говеда: 16450

Одгледувалишта на овци и кози: 6520

Одгледувалишта на свињи: 2940

Одгледувалишта на живина над 350 единки : 65

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на операторите со храна од животинско потекло со Законските и подзаконските прописи за здравствена заштита, благосостојба и идентификација и регистрација на животните и употреба на ВМП.

**5.3. Прифатилишта на животни**

Вршат заловувување, прифаќање и згрижување на животни скитници и напуштени од нивните сопственици:

Број на субјекти: 15

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на субјектите со Законските и подзаконските прописи за здравствена заштита, благосостојба и идентификација и регистрација на животните и употреба на ВМП.

**5.4 Собирни центри/добиточни пазари**

Вршат прифаќање и промет со живи животни.

Број на субјекти: 14

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на со Законските и подзаконските прописи за здравствена заштита, благососотојба и идентификација и регистрација на животните и употреба на ВМП.

**5.5. Превозници на животни**

Вршат превоз на животни на кратки и долги релации

Број на субјекти:1

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за контрола на усогласноста на субјектите со Законските и подзаконските прописи за здравствена заштита, благососотојба и идентификација и регистрација на животните и употреба на ВМП.

Основен ризик од работењето на субјектите од оваа област е ризик по здравјето на животните, луѓето и животната средина од квалиетот на услугите што ги дава субјектот на надзор

Целна група е животни од сите категории и сопственици и одгледувачи на животни и луѓе кои ги користат производите од тие животни

Линкови до интернет адреси каде можат да се најдат листи на субјектите под надзор: *www.fva.gov.mk.*

**2.2**. Елементи за проценка на ризик се:

1. Тежината на штетните последици и

2. Веројатноста за случување на штетните последици.

Степен на ризик е производ на тежина на последиците од ризикот и веројатноста за настанување на штетниот настан кој ќе предизвика штетни последици. (тежина х веројатност).

**2.2.1. Тежината на штетните последици се проценува врз основа на следните специфични елементи:**

- Природата на штетните последици која произлегува од видот на дејноста на субјектот на надзор односно активностите кои ги презема или овластувањата кои ги врши во рамките на своето работење, односно од карактеристиките на производите, материите и другите предмети, односно услугите, кои субјектот ги става на пазарот односно ги дава и
- Обемот на штетните последици кој произлегува од опфатот на корисници на производот односно услугата која се дава од страна на субјектот на надзор, односно круг на лица кои остваруваат одредени права кај субјектот на надзор или во врска со субјектот на надзор, односно, круг на лица кои се изложени на природата на штетните последици.

Веројатноста за случување на штетни последици се проценува врз основа на следните специфични елементи:

Претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување, стандарди и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор, системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор, состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област и внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

**2.2.1. Тежина на штетните последици**

Тежината на штетните последици се проценува врз основа на следните специфични елементи:

1. Природа на штетните последици

2. Обем на штетните последици

**2.2.1.1. Природа на штетни последици**

Природата на штетните последици произлегува од видот на дејноста на субјектот на надзор односно активностите кои ги презема или овластувањата кои ги врши во рамките на своето работење.

Штетните последици кои се можни како последица од работењето на субјектите под надзор. Во табелата подолу се дадени видови на субјекти под надзор, области на штетени последици и критериуми според кои ќе се мери ризикот.

За секој вид на субјект под надзор се прави одделна проценка на ризик. Доколку повеќе видови субјекти кои припаѓаат во една иста група имаат исти карактеристики, слична дејност и слична природа на ризици, се прави проценка на ризик по група на субјекти под надзор.

За секој вид на субјект се определуваат области на ризик и за секоја област се утврдуваат критериуми според кои ќе се мери ризикот. За секој критериум се дефинираат прецизни индикатори според кои ќе се мери проценетата вредност на ризикот.

За секоја област на штетни последици се утврдува вкупен број на бодови кои се распределуваат на параметрите согласно нивната важност при утврдување на ризик. Вкупниот број на бодови за една област е еднаков на збирот на можни бодови на сите параметри за таа област. За утврдување на степен на ризик според скалата низок, среден и висок ризик се користат вредностите од избраните индикатори.

### 2.2.1.2. Обем на штетни последици

Обемот на штетните последици кој произлегува од опфатот на дејноста на субјектот под надзор односно услугата која се дава од страна на субјектот на надзор. Субјектите се поделени во три групи со мал, среден и висок степен на ризик. За секоја одделен вид на субјекти под надзор се определени соодветни критериуми за степенот на ризик.

Обемот на штетните последици се утврдува врз база на број на корисници на услугите на субјектите, како и број на вработените.

### 2.2.2. Веројатност на случување на штетни последици

Веројатноста за случување на штетни последици се проценува врз основа на определени критериуми.

Вредностите на критериумите за процена на веројатноста за случување на штетните последици се искажуваат во бодови, така да за секој критериум се доделуваа определен број на бодови.

При процена на ризик, за секој критериум треба да се утврди број на бодови кои се собираат и се добива вкупна нумеричка вредност која се дефинира дали спаѓа во мал, среден или висок ризик.

Утврдување на елементот веројатност за настанување на штетни последици се врши преку мерење на следните пет специфични елементи:

2.2.2.1. Претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување, при што се утврдува каква е историјата на најдени неусогласености, прекршоци или кривични пријави, вид и број на изречени мерки против субјектот.

2.2.2.2. Стандарди и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има воведени релевантни стандарди, врши редовна ресертификација.

Сите субјекти се должни да поседуваат стандардни документи, статути, договори со вработени, процедури за работа, програми за работа, квалификуван и обучен кадар.

2.2.2.3. Системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има развиени пишани процедури за работа сопствена внатрешна контрола на работењето, задолжени лица за контрола, редовна евиденција и записници и сл..

2.2.2.4. Состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област, трендови, компаративна состојба со слични земји, добри пракси од други земји.

- Усогласеност со ЕУ легислативите, следење на новите трендови во областа итн.

2.2.2.5. Внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

Опис на квалификациона структура на субјектите, опременост на субјектите, вработеност, квалитет на раководење и сл

## 2.3. Утврдување на критериуми и параметри/индикатори и нивно вреднување

Секој ризик се мери според утврдени критериуми и индикатори. Критериумите се директно поврзани со ризикот и претставуваат показател преку што или преку која дејност на субјектот се определува висината на ризикот.

Индикаторите се опции кои подетално ги дефинираат критериумите и предвидуваат конкретни степени на квалитетот или обемот на одреден критериум. Се определува онолкав број на индикатори кој реално може да ја прикаже состојбата на одредениот критериум. За секој индикатор се доделува определен број на бодови. Бројот на бодови се утврдува од страна на стручните лица во инспекторатот кои преку распоредот на бодовите вршат рангирање на важноста на ризикот. Доделениот повисок број на бодови претставува и повисок степен на ризик.

По утврдувањето на бодовите за секој ризик и критериум, се собираат бодовите на природата и обемот на штетната последица и според матрицата се утврдува степен на ризикот. Исто така, се доделуваат бодовите и за веројатноста за настанување на штетниот настан и се утврдува степен на ризикот кој се става во матрицата на ризици.

## 2.4. Утврдување на степенот на ризик

Секој од утврдените ризици во оваа методологија опфаќа 3 степени на ризик, и тоа:

Ниво 1 – низок степен на ризик

Ниво 2 - среден степен на ризик

Ниво 3 – висок степен на ризик

### 2.4.1. Вреднување на степенот на основните елементи на ризик

Степенот на ризик се утврдува врз основа на матрицата на ризици 3x3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежината на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатноста за случување на штетните последици.

За потребите на матрицата 3x3, вкупните нумерички вредности на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици се сведуваат во опсег 1-3, односно се утврдуваат како степени и изнесуваат:

1 - низок

2 - среден и

3 - висок

Вредноста на проценетиот степен на ризик се добива со множење на нумеричките вредности на степените на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици може да изнесува:

1 или 2 - низок степен на ризик,

3 или 4 - среден степен на ризик и

6 или 9 - висок степен на ризик

**Матрица на степени на ризик 3x3**

Веројатност за случување на штетни последици

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 - Висока | 3 | 6 | 9 |
| 2 - Средна | 2 | 4 | 6 |
| 1- Ниска | 1 | 2 | 3 |
| | 1- Ниска | 2 - Средна | 3 - Висока |

Тежина на штетни последици

<u>Пример за проценка и пресметка на ризик за поединечен субјект</u>

| ОБЛАСТ<br>Безбедност на храна | ГРУПА<br>Оператор со храна од животинско и неживотинско потекло за исхрана на луѓе | БОДОВИ |
|---|---|---|
| РИЗИК бр. 1 | Ризик по здравјето на луѓето-потрошувачите поради небезбеден производ | |
| 1. Основен елемент | ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 200 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 Специфичен елемент | ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| **1.1.1 Критериум** | **Природа на производот кој се произведува и предизвикува штетни последици** | 50 |
| Индикатори | Производи кои содржат патогени или условно патогени микроорганизми кои подржуваат формирање или раст на патогени или условно патогени микроорганизми (месо, млеко, риба, јајца) | 50 |
| | Производи во кои веројатноста е мала да содржат патогени или условно патогени микроорганизми заради видот на храната или преработката, но може да го поддржат формирањето на токсини или растот на патогени или условно патогени микроорганизми, како и храна кај која е можна хемиска контаминација (билки, житарки, овошје, зеленчук, масти (масло), јаткасти плодови, брашно, квасец, кафе, какао | 30 |
| | производи во кои е елиминирана можноста да се контаминираат или да дојде до раст на патогени или условно патогени микроорганизми, нивнит отрови и физичката и хемиската контаминација е ретка според производниот процес (мед, вода, сол, шеќер, печурки, оцет) Материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 10 |
| 1.1.2.Критериум | Производен процес кој се користи и кој може да доведе до небезбеден производ | 50 |
| Индикатори | Процеси каде можноста да дојде до контаминирање на производите е голема или да доведе до раст на патогени или условно патогени микроорганизми и нивни токсини е голема, како и голема можност за физичка и хемиска контаминација, колење, расекување, мелење, мешање, обликување, маринирање, термизација | 50 |
| | Процеси каде има голема можност да се контаминираат производите или да доведе до раст на патогени или условно патогени микроорганизми, нивни отрови, како и можноста на физичка и хемиска контаминација (препакување, пастеризација, лупење) | 30 |
| | Процеси со кои се елиминира можноста да се контаминираат производите или да доведе до раст на патогени или условно патогени микроорганизми, нивнит отрови и физичката и хемиската контаминација е ретка (пакување, складирање, транспорт, продажба, стерилизаија, брзо смрзнување, сеење, филтрирање, дестилација, сушење, конзервирање, ферментација, разредување, газирање, цедење (пресување), печење, пржење, варење, рафинирање, послужување) | 10 |
| 1.2 Специфичен елемент | ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 100 |
| 1.2.1 Критериум | големина на пазарот кој го снабдува | 50 |
| Индикатори | Во ЕУ/трети земји | 50 |
| | на цела територија на РСМакедонија | 40 |
| | регионално-во регионот | 30 |
| | локално-на подрачје на општина и соседна општина | 10 |
| 1.2.2.Критериум | За кого е наменет производот | 50 |
| Индикатори | За цела популација – за сите возрасти и категории | 50 |
| | За одредена возраст и категорија | 30 |
| | За популација со посебни потреби | 20 |
| 2. Основен елемент | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ | 500 |
| 2.1 Специфичен елемент | ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ | 100 |
| 2.1.1 Критериум | Вид на утврдени неусогласености при контроли во последните две години | 100 |
| Индикатори | Вид на утврдени неусогласености при контроли во последните две години | 100 |
| | неусогласеност за која е поднесено кривична постапка | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| | неусогласеност казнета со прекршочен платен налог/барање за прекршочна постапка | 60 |
| | неусогласеност казнета со едукација | 50 |
| | неусогласеност за која е наредено решение за отстранување на утврдени недостатоци | 20 |
| | не се утврдени неусогласености со претходните контроли | 5 |
| 2.2 Специфичен елемент | СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА | 150 |
| **2.2.1 Критериум** | **Имплементација на сопствени планови за испитување** | 40 |
| Индикатори | нема изработено План и не спроведува редовни испитувања согласно Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната и правилата за контаминенти, резидуи и квалитет | 40 |
| | не постојат доволно податоци за да се утврди усогласеноста со Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната правилата за контаминенти, резидуи и квалитет | 20 |
| | за незадоволителните испитувања од сопствените планови и од официјалните контроли презема соодветни корективни мерки | 10 |
| | Редовно спроведува испитувања и сите испитувања во рамките на сопствените контролни планови и од официјалните контроли се задоволителни во согласност со правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за хранат правилата за контаминенти,резидуи и квалитет | 5 |
| **2.2.2 Критериум** | **Добра хигиенска пракса-чистење, дезинфекција, лична хигиена во сите фази** | **40** |
| Индикатори | големи недостатоци во врска со одржувањето и чистењето и корекциите не се спроведуваат во определниот рок | 20 |
| | мали недостатоци кои можат да се отстранат во текот на контролата | 5 |
| **2.2.3 Критериум** | **Градежно технички услови и одржување** | **20** |
| Индикатори | Објектот не ги исполнува техничко-технолошките и градежни услови од легислативата и има голем ризик од вкрстена контаминација, нема и не применува ДПП | 20 |
| | Објектот не ги исполнува техничко-технолошките и градежни услови од легислативата, но операторот добро ја контролира состојбата - не преставува ризик по производството (ги има сите процедури за ДПП) | 15 |
| | Објектот ги исполнува барањата од легислативата но не сите процедури за ДПП (нема воспоставено и не ги применува сите процедури) | 10 |
| | Објектот ги исполнува барањата од легислативата ги има воспоставено сите процедурите за ДПП, но не ги применува соодветно (предусловни програми) | 5 |
| | Објектот ги исполнува барањата од легислативата ги има воспоставено сите процедурите за ДПП и соодветно ги применува | 0 |
| **2.2.4 Критериум** | **Имплементација на барањата за следливост** | **20** |
| Индикатори | нема сиситем за следливост и не може да се добие информација за ,,чекор пред,, и ,,чекор потоа,, | 20 |
| | нема серија, лот на производот и на документацијата | 10 |
| | Се води евиденција за купувач и продавач | 15 |
| | Системот за следливост во објектот е прифатлива, јасна, интерната следливост е исто така добро имплементирана. Серијата (лотот) е употребен и на продуктот и на придружната документација | 5 |
| 2.2.5.Критериум | Имплементација на барањата за означување и пакување | 15 |
| Индикатори | Не се исполнети законските барања за означување на прехрамбените производи | 15 |
| | Грешките во означувањето на производот се минимални и не го доведуваат во заблуда потрошувачот | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ставена здравствена / идентификациона ознака | 5 |
| | Означувањето на производот ги исполнува сите барањата | 0 |
| **2.2.6.Критериум** | **Имплементација на Барањата за квалитет на производот** | **15** |
| Индикатори | Постојат редовни поплаки на потрошувачите во врска со производот. За време на официјалните контроли се констатирани повеќе од еден случај кога мерки мора да се превземат | 15 |
| | Во последните две години се констатирани отстапки во пропишаниот квалитет | 10 |
| | Декларираниот состав не одговара на пропишаниот од легислативата или производната спецификација | 5 |
| | нема спецификации за сите производи | 3 |
| | Барањата за квалитет се пропишани но не секогаш имплементирани | 2 |
| | Исполнети се законските барања за квалитет на производите | 0 |
| 2.3 Специфичен елемент | СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР | 100 |
| **2.3.1 Критериум** | **Воспоставен систем за внатрешно управување и контрола** | **100** |
| Индикатори | Невоспоставен и не имплементирани ДПП/ДХП базирани на HACCP принципи, | 100 |
| | Воспоставнен, но нецелосно имплементиран HACCP (со големи недостатоци и не се води евиденција за следење и надзор) | 60 |
| | Воспоставен, но нецелосно имплементирани ДПП/ДХП базирани на HACCP принципи и се води евиденција за следење и надзор (со мали недостатоци кои можат да се отстранат за кратко време). | 40 |
| | Воспоставен и целосно имплементирани ДПП/ДХП базирани на HACCP принципи, документацијата се води на дневна основа. | 5 |
| 2.4 Специфичен елемент | СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА | 50 |
| **2.4.1 Критериум** | **Следење на трендовите,стандарди и еу легислативата** | |
| Индикатори | Не се следат трендовите и еу легислатива и ЕУ практики | 50 |
| | Се следат трендовите и ЕУ легислатива и се воведуваат нови стандарди и практики | 10 |
| 2.5 Специфичен елемент | ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | 100 |
| **2.5.1.Критериум** | **Број на вработени во објектот** | **50** |
| Индикатори | Голем -над 50 | 50 |
| | Среден-11 до 50 | 30 |
| | Мал- до 10 вработени | 20 |
| | Фамилијарно-до 5 вработени | 5 |
| **2.5.2 Критериум** | **Обука на персонал** | **50** |
| Индикатори | Персоналот необучен за активноста која ја врши, немаат вработените стекнато хигиенски минимум и други знаења и вештини, нема План за обуки | 50 |
| | HACCP тимот несоодветен и необучен | 40 |
| | Има План за обуки, но не се спроведуваат-нема доказ за извршени обуки | 20 |
| | Има План за обуки, се спроведува, вработените обучени за активностите, HACCP тимот и менаџерскиот тим обучени и користат надворешни експерти | 5 |

| Веројатност за штетни последици е збир на бодови од 5-те специфични елементи | доделени бодови при проценка | Степен на ризик за веројатност за штетни последици |
|---|---|---|
| **Претходна работа на субјектот** | 60 | |
| **Стандарди и правила на добри практики** | 70 | |
| **Системи за управување и внатрешен надзор** | 60 | |
| **Состојба во областа** | 10 | |
| **Внатрешни и надворешни капацитети на субјектот на инспекциски надзор** | 50 | |
| Вкупно доделени бодови за Веројатност за штетни последици | 250 | |
| Веројатност: Распределба на група на ризици според број на бодови за веројатност за штетни последици: | | |
| Од 301 до 500 е дефинирано како висок ризик= **3** ,од 151 до 300 е дефинирано како среден ризик=**2**, а до 150 е дефинирано како низок ризик=**1** | | |

| Тежина на штетни последици е збир на бодови од Природа и обем на штетни последици | Доделени бодови при проценка | Степен на ризик за тежина на штени последици |
|---|---|---|
| природа на штетни последици | 50 | |
| Обем на штетни последици | 50 | |
| Вкупно доделени бодови за Тежина на штетни последици | 100 | 2 |
| Тежина:Распределба на група на ризици според број на бодови за тежина на штетни последици: | | |
| Од 121 до 200 бодови е дефинирано како висок ризик= 3, Од 71-до 120 е дефинирано како среден ризик=2, до 70 е низок ризик=1 | | |

**Матрица на степени на ризик 3x3**

| Веројатност за случување на штетни последици | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 - Висока | 3 | 6 | 9 |
| | 2 - Средна | 2 | 4 | 6 |
| | 1- Ниска | 1 | 2 | 3 |
| | | 1- Ниска | 2 - Средна | 3 - Висока |
| | | Тежина на штетни последици | | |

Пресметка на вкупен ризик:
Тежина на штетни последици-2
веројатност за штетни последици-2
Според матрицата-Вкупен ризик-2x2=4 степен на ризик-СУБЈЕКТОТ Е ВО СРЕДЕН РИЗИК

## 3. Зачестеност на вршење на инспекцискиот надзор согласно утврдениот ризик

Зачестеноста на спроведувањето на редовните инспекциски надзори согласно оваа методологија се определува и според максималната вредност на ризикот, односно максималната вредност на ризикот дозволува и почеста зачестеност на инспекција во зависност од областа и тоа:

### 3.1. Во областа на безбедност на храна

#### 3.1.1. Во областа на безбедност на храна од животинско потекло:

Кај субјектот кај кој се врши надзор, а кај кој степенот на ризик е проценет како висок, инспекцискиот надзор се врши три пати годишно со цел степенот на ризик да биде намален под нивото на висок ризик;

Кај субјектот кај кој степенот на ризик е проценет како среден инспекцискиот надзор се врши два пати годишно во правилни временски интервали;

Кај субјекот со степен на низок ризик инспекцискиот надзор се врши еднаш годишно.

#### 3.1.2. Во областа безбедност на храна од неживотинско потекло:

Кај субјектот кај кој се врши надзор, а кај кој степенот на ризик е проценет како висок, инспекцискиот надзор се врши три пати годишно со цел степенот на ризик да биде намален под нивото на висок ризик;

Кај субјектот кај кој степенот на ризик е проценет како среден инспекцискиот надзор се врши два пати годишно во правилни временски интервали;

Кај субјекот со степен на низок ризик инспекцискиот надзор се врши еднаш на две години.

### 3.2. Во областа на безбедност на храна за животни

Кај субјектот кај кој се врши надзор, а кај кој степенот на ризик е проценет како висок, инспекцискиот надзор се врши дв пати годишно со цел степенот на ризик да биде намален под нивото на висок ризик;

Кај субјектот кај кој степенот на ризик е проценет како среден инспекцискиот надзор се врши еднаш годишно во правилни временски интервали.

Кај субјекот со степен на низок ризик инспекцискиот надзор се врши еднаш на две години.

### 3.3. Во областа на нус производи од животинско потекло:

Кај субјектот кај кој се врши надзор, а кај кој степенот на ризик е проценет како висок, инспекцискиот надзор се врши 2 пати годишно во правилни временски интервали со цел степенот на ризик да биде намален под нивото на висок ризик;

Кај субјектот кај кој степенот на ризик е проценет како среден инспекцискиот надзор се врши еднаш годишно;

Кај субјекот со степен на низок ризик инспекцискиот надзор се врши еднаш во две години.

**3.4. Во областа производство, промет и употреба на ВМП:**

Кај субјектот кај кој се врши надзор, а кај кој степенот на ризик е проценет како висок, инспекцискиот надзор се врши два пати годишно во правилни временски интервали со цел степенот на ризик да биде намален под нивото на висок ризик;

Кај субјектот кај кој степенот на ризик е проценет како среден инспекцискиот надзор се врши еднаш годишно;

Кај субјекот со степен на низок ризик инспекцискиот надзор се врши еднаш во две години.

**3.5. Во областа на здравствената заштита, благосостојба ,идентификација и регистрација и употреба на ВМП:**

Кај субјектот кај кој се врши надзор, а кај кој степенот на ризик е проценет како висок, инспекцискиот надзор се врши 2 пати годишно во правилни временски интервали со цел степенот на ризик да биде намален под нивото на висок ризик;

Кај субјектот кај кој степенот на ризик е проценет како среден инспекцискиот надзор се врши еднаш годишно;

Кај субјекот со степен на низок ризик инспекцискиот надзор се врши еднаш во две години.

**3.6 Кај новооснованите субјекти (субјекти кои се основани и кои започнале со извршување на дејност во последната година) како и кај субјекти кај кои во претходниот период не е вршен инспекциски надзор, како претпоставка, се проценува среден степен на ризик**

Фреквенцијата на контролите може да биде зголемена кај одобрените објекти ако е тоа неопходно врз основа на анализа и проценка на ризик од самиот инспектор.

## III. Организација и раководење

***а) Правен статус на институцијата***

Агенцијата за храна и ветеринарство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, кој со донесување на Законот за безбедност на храната ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр 157/10) се формира на 01.01.2011 година со спојување на Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна при Министерството за здравство. Агенцијата за храна и ветеринарство, согласно европските принципи за следнивост на храната "Од нива – до трпеза", од 2011 година функционира како единствен надлежен орган за контрола на безбедноста на храната и храната за животни, за спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба,

ветеринарното јавно здравство, како и контрола на лабораториите кои даваат поддршка за потребите на Агенцијата.

Основна цел на Агенцијата за храна и ветеринарство е обезбедување на високо ниво на заштита на здравјето и интересите на потрошувачите кога станува збор за безбедноста на храната.

Работите од своја надлежност, Агенцијата за храна и ветеринарство ги врши врз основа на воспоставениот систем за контрола на безбедноста на храната преку интегрирање на контролните системи за храна од животинско потекло, вклучително и за увоз, контролниот систем за генерална безбедност на храната, за увоз на храна од растително потекло, контролен систем за пестициди и контролниот систем за благосостојба на животните.

***б) <u>Раководство</u>***

Агенцијата за храна и ветеринарство, работите од својата надлежност ги извршува преку:
- Директорот/заменик директор на Агенцијата, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија
- Официјалните ветеринари и Инспекторите за храна,
- стручната служба во Агенција за храна

***в) <u>Надлежности</u>***

- Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) е основана согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно ***Законот за безбедност на храната*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 84/2015, 123/2015, 213/2015, 129/2015, 39/2016, 64/2018),
- ***Законот за ветеринарно здравство*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 113/2007, 24/2011, 136/2011, 123/2012, 123/2015, 154/2015 и 53/2016),
- ***Законот за идентификација и регистрација на животните*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 27/2014, 149/2015 и 53/2016),
- ***Закон за нус производи од животинско потекло*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 113/2007, 144/2014. 149/2015 и 53 од 2016),
- ***Закон за ветеринарно - медицински препарати*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 42/2010, 136/2011, 149/2015, 53/2016 и 241/18),
- ***Закон за безбедност на храна за животни*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 145/2010, 53/2011, 1/2012, 33/2015, 149/2015 и 53/2016),
- ***Законот за заштита и благосостојба на животните*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр.136/2011, 149/14, 149/2015, 53/2016),
- ***Закон за квалитет на земјоделски производи*** („Службен Весник на Република Македонија бр. 140/2010, 53/2011, 55/12; 106/2013; 116/15; 149/15; 193/15) и останатите закони кои се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.
- ***Закон за заштита на потрошувачи*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 38/2004, 77/2007 и 24/2011),

- ***Закон за органско земјоделско производство*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 146/2009), Закон за сточарство („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 23/2013),
- ***Закон за рибарство и аквакултура*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 07/2008, 67/2010, 47/2011, 53/2011 и 95/2012), Закон за ГМО („Службен Весник на Република Македонија“ бр.35/2008),
- ***Закон за животна средина*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 53/2005),
- ***Закон за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води*** („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008 и 17/2011).

На ниво на Сектор за Инспекциски надзор ќе се спроведат следните активности:
Во рамките на **Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните:**

- службени контроли при спроведување на мерките за здравствена заштита на животните, контрола и искоренување на болестите кај животните,
- службени контроли во однос на заштитата и благосостојбата за време на чување, производство и трговија со живи животни,
- службени контроли во однос на сообразноста на начелата за ветеринарно здравство во центрите за репродукција и вештачко оплодување,
- земање примероци и контрола на земањето примероци за лабораториско испитување, известување за појава на заразни болести кај животните,
- службени контроли во однос на спроведувањето на одредбите за идентификација и регистрација на животните.
- службени контроли во прометот со живи животни во однос на исполнетост на условите за ставање во промет на живи животни.
- службени контроли во однос на исполнетост на условите за вршење на здравствена заштита на животните на ветеринарните друштва,
- службени контроли во прометот и употреба на ветеринарно-медицински препарати во ветеринарни друштва и одгледувалишта на фармски животни,
- службени контроли во однос на издавањето на сертификати за здравствена состојба на животни,
- **задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во Записниците, контролните листи и во извештаите**

Во рамките на **Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство:**

- следење и применување на прописите од областа на безбедноста на храна и ветеринарно јавно здравство
- службени контроли, надзор и следење на активности од ветеринарно јавно здравство во кланици, млекарници, други објекти за преработка и пакување, превоз, складирање, објекти за продажба на големо и мало на храна од животинско потекло вклучувајќи го нивното одобрување и придржување кон условите за работа,

  -спроведување мерки за здравствена заштита и благосостојба на животните во кланиците,

- вршење задолжителна ветеринарно-санитарна контрола на производство, преработка, складирање, промет и продажба на храна за животни и други производи за исхрана на животните,
- земање и испраќање материјали за лабораториско испитување,
- вршење преглед при утовар, истовар и претовар.
- **задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во Записниците,контролните листи и во извештаите**

Во рамките на **Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло:**

- следење и применување на прописите од областа на безбедност на храна
- контрола на храната, и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната во сите фази на производство,
- контрола на храната, и производите и материјалите при доработка, транспорт и промет,
- надзор над општите барања за безбедност на храната,
- надзор над посебните барања за безбедност на храната,
- контрола на квалитетот на храната и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната,
- контрола на водата за пиење од јавните системи за водоснабдување,
- непосредно учествуво во управувањето со ризикот од храна,
- контрола на означувањето на прехранбените производи,
- водење на евиденција на податоците во однос на безбедноста на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната,
- издавање на сертификати за безбедност за извоз на храна и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната.
- **задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во Записниците, контролните листи и во извештаите**

Во рамките на **Инспекциските места за контрола на храна од неживотинско потекло и материјали во контакт со храна од увоз:**

- следење и применување на прописите од областа во кој што работи, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Северна Македонија им пристапила или ги ратификувала,
- службени контроли на безбедноста и квалитетот при увоз на полупроизводите, храната, суровините, адитивите, помошните технолошки средства и другите супстанции, производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната на определени места за таа намена (терминалите и граничните премини),
- вршење надзор над општите и посебните барања за безбедност на храната,
- водење на постапка за земање примероци од полупроизводите, храната, суровините, адитивите, помошните технолошки средства и другите супстанции, производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната,
- навремено и точно внесување на податоци од извршени надзори на инспекторите во електронската база на податоци
- подготвување извештај за извршените активности,
- **задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во**

**Записниците,контролните листи и во извештаите**.

Во рамките на **Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин:**

- следење и применување на прописите од областа во која што работи, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Северна Македонија им пристапила или ги ратификувала,
- вршење инспекциски надзор, спроведување гранични ветеринарни контроли на увозните и транзитните пратки на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло. Вршење службен преглед и контрола на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, храна и храна за животни, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни клетки, ембриони и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, лекови, помошни лековити средства и медицински помагала за употреба во ветеринарната медицина при увозот и превозот (транзитот) преку границата и гранични премини,
- утврдување дали се исполнети ветеринарно здравствените услови за определени видови на пратки, начинот на натоварот и идентитетот на пратката, дали превозното средство ги исполнува условите пропишани со закон.
- вршење преглед на хигиенско технички услови и законски прописи и други подзаконски акти кои се донесени врз база на законските прописи, а во склад со директивите и одлуките донесени од страна на Европската Унија.
- задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во Записниците,контролните листи и во извештаите

Во рамките на **Одделението за меѓународна соработка и сертификација**

- меѓународна коресподенција со надлежните органи, амбасадите и дипломатските претставништва на земјите извознички, со цел усогласување на увозните односно извозните услови при тргување со пратки живи животни, аквакултура, производи и нус производи од животинско потекло,
- изготвување на модели на ветеринарно -здравствени сертификати, како и дополнителни здравствени гаранции кои ги придружуваат пратките живи животни, аквакултура, производи и нус производи од животинско потекло наменети за увоз во Република Северна Македонија, како и пратките кои се наменети за извоз во други земји од Република Северна Македонија.

**Супервизија и верификација**

- Согласно програмата за супервизија и верификација на официјалните контроли, во 2023 година ќе се изврши контрола на работењето на инспекторите по посебен План и тоа:
- контрола и надзор на работните задачи и обврски на официјалните ветеринари ,инспектори за храна, методи, техники и пракси при спроведувањето, ефективност и ефикасност на официјалните контроли со метод на аудит и мониторинг.
- **Во Секторот за инспекциски надзор сите активности се распределени во пет одделенија и 17 Инспекциски места за контрола на храна од увоз Секое одделение има подготвено план и програма за работа за 2023 година поединечно.**

Со спроведување на инспекцискиот надзор треба да се обезбеди ефикасно спроведување на соодветните закони, правилници и други одредби и да се обезбеди дека релевантните учесници ги спроведуваат и вршат мониторинг и потврдуваат дека се исполнети соодветните барања, и дека се одржуваат системите за безбедност на храна и на здравствената заштита, идентификација, регистрација и благосостојба на животните.

## *г) Организациска структура*

Со цел подобро управување на Агенцијата за храна и ветеринарство, подобро разбирање на улогите на вработените, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето, во Агенцијата за храна и ветеринарство се вработени 2 државни советници, формирани се 6 независни Одделенија, 9 Сектори, а во нивни рамки формирани се 31 Одделенија.
Во рамките на Секторот за инспекциски надзор при Агенција за храна и ветеринарство постојат 5 одделенија и тоа:
1. Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните,
2. Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство,
3.Одделение за државна инспекција за храна од не животинско потекло со
17 Инспекциски места за контрола на храна од увоз
4.Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и
5.Одделение за меѓународна трговија и сертификација

## *д) Состојба со човечки ресурси*

Во Секторот за инспекциски надзор при АХВ работат вкупно 183 инспектори со лиценца за инспектор и тоа 107 Официјални ветеринари и 76 Инспектор за храна, распоредени во 29 Подрачни единици, 9 Гранични премини и 17 инспекциски места за контрола на храна од увоз.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Официјален ветеринар [вид 1] | | | | | | Инспектор за храна [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 3 |
| В1 – советник инспектор | | 4 | 22 | 45 | 6 | 77 | | 3 | 17 | 15 | 16 | 51 | | | | | | | | 7 | 39 | 60 | 22 | 128 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | 2 |
| В3 – помошник инспектор | | | 5 | 1 | | 6 | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | 1 | 5 | 1 | | 7 |
| В4 – помлад инспектор | | 3 | 14 | 2 | | 19 | 1 | 15 | 6 | 1 | | 23 | | | | | | | 1 | 18 | 20 | 3 | | 42 |
| Вкупно | | 7 | 43 | 51 | 6 | 107 | 1 | 19 | 23 | 16 | 17 | 76 | | | | | | | 1 | 26 | 66 | 67 | 23 | 183 |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Официјален ветеринар [вид 1] | | | Инспектор за храна за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | -1 | | | | 0 | 1 | -1 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 2 | -2 | 0 | 3 | -3 | | | | 0 | 5 | -5 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | +1 | | | | 1 | 0 | +1 |
| Вкупно | 0 | -2 | -2 | +1 | 4 | -3 | | | | +1 | - 6 | -5 |

## IV. Инспекциски надзор

Извршено е планирање на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори за 2023 година, не вклучувајќи ги предвидените контроли на увезени пратки на гранични премини кои не можат да се предвидат по региони и општини.

Инспекторите вршат голем број на вонредни инспекциски надзори, кои се поврзани со постапување по претставки/иницијативи за инспекциски надзор, спроведување на мониторинг планови од област на безбедност на храната, храна за животни, нус производи и здравје на животните, контроли при увози, издавање на сертификати, уверенија и други акти согласно надлежноста во материјалните закони и истите се вршат во краток временски период и за таа цел е извршено планирање на поголем број на вонредни инспекциски надзори.

По спроведувањето на инспекцискот надзор и во зависност од утврдената фактичка состојба, и примена на конкретни инспекциски мерки (издавање решенија со опомена, наредба, забрана и др.) во согласност со закон, ќе се реализираат и контролни инспекциски надзори, по изминување на рокот за отсранување на констатираните неправилностите и применетите инспекциски мерки.
АХВ како надлежен орган има во предвид при вршење на проценка дека секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот е пропорционална на ризикот, односно истата ќе придонесе за негово минимизирање на прифатливо ниво.

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот, според неговиот степен во согласност со Методологијата за проценка на ризик. Проценката на сложеноста на инспекцискиот надзор ќе се спроведува согласно Пресметката на вредноста на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор бр.02-3128/2 од 29.12.2021г каде коефициент на сложеност 1 е со вредност 1, коефициент на сложеност 2 е со вредност 2, коефициент на сложеност 3 е со вредност 3, коефициент на сложеност 4 е со вредност 4, коефициент на сложеност 5 е со вредност 5. Во продолжение се опишани категориите на сложеност.

**Категории на сложеност на инспекциски надзори спроведени од страна на инспекциските служби при Агенцијата за храна и ветеринарство**

**Инспекциски надзори во Агенцијата за храна и ветеринарство ги спроведуваат инспекторите со следните звања:**

**В1 – Советник;**

**В2 - самостоен инспектор;**

**В3 - Помошник инспектор;**

**В4 - Помлад инспектор;**

**Б4 - Виш инспектор;**

Б3 - Помошник Главен инспектор и

Б2 - Главен инспектор

Б1 - Генерален инспектор

**Категории на сложеност на инспекциски надзори спроведени од страна на Официјалните ветеринари – Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство**

**1 категорија - Q1**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- **Инспекциски надзор** при земање на мостри за лабораториско испитување на храна од животинско потекло, храна за животни и други производи за исхрана на животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати.

**2 категорија - Q2**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1**

- **Официјални контроли на регистрирани објекти** - оператори со храна од животинско потекло, храна за животни и други производи за исхрана на животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати (аптеки) со метод - техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance);

- **Официјални контроли на објекти - оператори со** ветеринарно медицински препарати (аптеки, веледрогерии) со метод - техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance);

- **Официјални контроли** на оператори - објекти на примарни производители на производи од животинско потекло, со метод - техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance);

- **Официјална контрола на одобрени објекти и оператори** со храна од животинско потекло од **МАЛ обем (локално - регионално),** со спроведување со метод - техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance);

- **Инспекциски надзор - Ветеринарно Санитарен Преглед** при колење на животни **(анте мортем и пост мортем преглед) во кланици, објекти за обработка на дивеч;**

- Официјални контроли на одобрени објекти **со храна за животни и други производи за исхрана на животни, нуспроизводи од животинско** потекло со спроведување на техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance);

- **Инспекциски надзор при увоз на производи од животинско потекло, храна за животни и нус производи;**

- **Инспекциски надзор по поднесено барање за регистрација** на објекти на примарни производители на производи од животинско потекло;

- **Инспекциски надзор по поднесено барање за регистрација на** објекти оператори со храна од животинско потекло, храна за животни и други производи за исхрана на животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати;

- **Инспекциски надзор при категоризација** на одгледувалишта на молзни грла говеда и други одгледувалишта.

**3.категорија - Q3**

**Инспектори со звање В3, В2, В1.**

**-** Последователна контрола (Контролен надзор) на исполнување на корективните мерки наложени при контролите од 4 категорија

**4 категорија - Q4**

**Инспектори со звање В1, В2, Б3 и Б4**

- Официјални контроли на одобрени објекти оператори со храна од животинско потекло **(освен Кланици)**, храна за животни и други производи за исхрана на животни, нуспроизводи од животинско потекло, со спроведување на техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance).

**5 категорија - Q5**

**Инспектори со звање В1, Б1, Б2, Б3, Б4**

**- Официјални контроли на објекти - Кланици, Објекти за обработка дивеч** со спроведување на техника на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ или НАДЗОР (surveillance);

- Официјална контрола на објекти оператори со храна од животинско потекло, храна за животни и други производи за исхрана на животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати со спроведување на техника **на АУДИТ.**

Овие контроли  со техника на АУДИТ се спроведуваат по посебен план и тоа :

- Како членови на Аудит тимови формирани на централно ниво по Посебен план во кој случај во состав на тимот може да биде и помлад инспектор;

- **Во случај на официјални контроли при давање на гаранции за објекти за извоз во трети земји во кој случај Аудитот се врши од најмалку двајца официјални ветеринари од кои еден може да биде и помлад инспектор и**

- Во случај на официјални контроли при давање на гаранции за објекти за извоз во ЕУ земји во кој случај како членови на АУДИТ тимот во кој може како член да учествува и помлад инспектор.

ЗАБЕЛЕШКА:

Помладиот инспектор и инспекторите од пониско ниво можат да вршат и инспекциски надзори со повисок коефициент на сложеност, но надзорот го вршат под надзор на инспектор од повисока категорија - В3, В2, В1, Б4, Б3, Б2, Б1. На записниците тогаш се потпишува и инспекторот од повисока категорија.Инспекторите можат да вршат инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност

.

Помлади инспектори можат да издаваат и Ветеринарно - здравствени сертификати за извоз на производи од животинско потекло, храна за животни, нус производи и живи животни.

## Категории на сложеност на инспекциски надзор спроведени од страна на Официјалните ветеринари – Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните

**1 категорија - Q1.**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Официјална контрола на ловни друштва при надзор и мониторинг на болести кај диви животни по Годишна наредба за здравствена заштита на животните и земање на мостри со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контроли на спроведување на надзор и мониторинг на болести по Годишната наредба и земање на мостри со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контрола на спецификација за пасоши за говеда со метод на ИНСПЕКЦИЈА.

**2 категорија - Q2**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Официјални контрола на фарми за кокошки несилки и бројлерско производство во однос на спроведувањето на националниот контролен план НКП, со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Инспекциски надзор на промет и употреба на ВМП во ветеринарни друштва и ветеринарни служби на одгледувалиште со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Инспекциски надзор на промет и употреба на ВМП во одгледувалишта на животни;

- Инспекциски надзор при категоризација на одгледувалишта на молзни грла говеда и други одгледувалишта во однос на биосигурносни мерки;

- Контрола на одгледувалишта на животни во однос на спроведување на биосигурносни мерки и мерки на здравствена заштита на животните со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контрола на објекти на аквакултура во однос на спроведување на биосигурносни мерки и мерки на здравствена заштита со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контрола на извршени активности од страна на надлежните Ветеринарни друштва согласно Годишната наредба со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контрола на одгледувалишта за фармски животни во однос на исполнетоста на условите согласно Законот за заштита и благосостојба на животните и Правилник за условите и начините на заштита на фармски животни со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- **Контрола на одгледувалишта за фармски животни во однос на исполнетоста на условите согласно Законот за идентификација и регистрација на животните** со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Инспекциски надзор на одгледувалишта при регистрација на примарни производители на производи од животинско потекло.

**3 категорија - Q3**

**Инспектори со звање В3, В2, В1.**

- Контрола на промет на животни во внатрешен промет и собирни центри (добиточни пазари, превозни средства) согласно Законот за идентификација и регистрација, Законот за благосостојба и Законот за ветеринарно здравство со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контрола на начинот на издавање, пополнување, евиденција на издадени сертификати за здравствена состојба на животните, како и наплата на остварени приходи од нивно издавање со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контроли за благосостојба во прифатилишта за кучиња согласно Законот за заштита и благосостојба на животните со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Контрола на живи животни при увоз и извоз (карантин) со метод на ИНСПЕКЦИЈА,МОНИТОРИНГ И НАДЗОР.

**4 категорија - Q4**

**Инспектори со звање В2, В1.**

- Контрола на ветеринарните друштва во поглед на исполнетоста на условите од Законот за ветеринарното здравство со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР.

**5 категорија - Q5**

**Инспектори со звање В1.**

- Контрола и спроведување на мерки на одгледувалишта по прогласување на сомнеж односно жариште на заразни болести кои задолжително се пријавуваат согласно Законот за ветеринарното здравство, (поради оваа активност потребно ќе биде задолжително со помладиот инспектор да оди во контрола и да се потпишува на записниците и инспектор советник - официјален ветеринар (В1 звање).

**ЗАБЕЛЕШКА:**

Помладиот инспектор и инспекторите од пониско ниво можат да вршат и инспекциски надзори со повисок коефициент на сложеност, но надзорот го вршат под надзор на инспектор од повисока категорија - В3, В2, В1, Б4, Б3, Б2, Б1. На записниците тогаш се потпишува и инспекторот од повисока категорија.Инспекторите можат да вршат инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност

## Категории на сложеност на инспекциски надзори спроведени од страна на Инспектори за храна – Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло

**1 категорија - Q1**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

**Контрола при** земање на мостра за лабораториско испитување со метод на ИНСПЕКЦИЈА и МОНИТОРИНГ.

**2 категорија - Q2**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Официјални контроли на објекти и оператори со храна - **Угостителски објекти** со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Официјални контроли на објекти и оператори со храна **Промет (продажба, складирање и чување)** со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;
- Официјални контроли на објекти и оператори со храна - **Производството и ставање во промет на преработени примарни производи** од неживотинско потекло со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

- Официјални контроли на објекти и оператори со храна **Привремен објект** со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР:

- Официјални контроли на објекти и оператори со храна - **Објекти за производство, обработка, промет и дистрибуција на предмети и материјали што доаѓаат во контакт со храната** со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР;

**- Регистрација и Инспекциски надзор по извршена регистрација во рок од 15 до 30 дена на** објекти оператори со храна:

- за угостителство, промет, ставање во промет на примарни производи, привремен објект.

**3 категорија – Q3**

**Инспектори со ниво B1, B2, B3.**

**- Регистрација и Инспекциски надзор по извршена регистрација во рок од 15 до 30 дена на** објекти оператори со храна:

- Објекти за производство, пакување и препакување и Објекти за производство, обработка, промет и дистрибуција на предмети и материјали што доаѓаат во контакт со храната.

**4 категорија - Q4**

**Инспектори со звање B1, B2.**

**- Регистрација и Инспекциски надзор по извршена регистрација во рок од 15 до 30 дена на** објекти оператори со храна – **Производство (производство, преработка, препакување;**

- Официјални контроли на објекти и оператори со храна – **Производство (производство, преработка, препакување)** со метод на ИНСПЕКЦИЈА, МОНИТОРИНГ И НАДЗОР.

**5 категорија - Q5**

**Инспектори со звање В1.**

- Официјална контрола на објекти - оператори со храна од неживотинско потекло, со спроведување на техника на **АУДИТ**.

Овие контроли се спроведуваат по посебен план:

- Како членови на Аудит тимови формирани на централно ниво по Посебен план во кој случај во состав на тимот може да биде и помлад инспектор.

- Во случај на официјални контроли при регистрација на објекти за Производство .

Оваа контрола ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЈА ВРШАТ ДВАЈЦА ИНСПЕКТОРИ ОД КОИ ЕДЕН МОЖЕ ДА БИДЕ И ПОМЛАД ИНСПЕКТОР - (звање В4).

**ЗАБЕЛЕШКА:**

Помладиот инспектор и инспекторите од пониско ниво можат да вршат и инспекциски надзори со повисок коефициент на сложеност, но надзорот го вршат под надзор на инспектор од повисока категорија - В3, В2, В1, Б4, Б3, Б2, Б1. На записниците тогаш се потпишува и инспекторот од повисока категорија. Инспекторите можат да вршат инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност

**Категории на сложеност на инспекциски надзор спроведени од страна на Официјалните ветеринари – Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин**

**1 категорија - Q1**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Контрола на пратки при транзит на живи животни, производи од животинско потекло, нус производи и храна за исхрана на животни - преглед на документација и идентификација и земање на мостри во рамките на мониторинг.

**2 категорија - Q2**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Контрола на пратки при увоз на живи животни производи од животинско потекло, нус производи и храна за исхрана на животни, преглед на документација и идентификација и физички преглед и земање на мостри при сомнеж.

**Категории на сложеност на инспекциски надзор спроведени од страна на Инспекторите за храна – Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потекло**

**1 категорија - Q1**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Контрола на пратка со храна, производи и материјали кога се врши само преглед на документација и идентификација на пратката.

**2 категорија - Q2**

**Инспектори со звање В4, В3, В2, В1.**

- Контрола на пратка со храна кога се врши преглед на документација, идентификација и физички преглед на пратката и земање на мостри.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

Помладиот инспектор и инспекторите од пониско ниво можат да вршат и инспекциски надзори со повисок коефициент на сложеност, но надзорот го вршат под надзор на инспектор од повисока категорија - В3, В2, В1, Б4, Б3, Б2, Б1. На записниците тогаш се потпишува и инспекторот од повисока категорија.Инспекторите можат да вршат инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност.

Следењето и оценувањето на реализацијата на годишниот план ќе се врши од страна на Раководителите на инспекциските одделенија, Раководителот на Сектор за инспекциски надзор при АХВ, Координаторот на активност за прибирање на извештаи за спроведени контроли на инспекторите и доставување на податоци до Инспекциски совет овластен од страна на директорот, како и од страна Директорот.

За 2023 година без граничните контроли предвидени се вкупно 50.732 редовни инспекциски надзори, 4.900 вонредни инспекциски надзори и 4.900 контролни инспекциски надзори, или вкупно 60.532 инспекциски надзори во 2023 година поделени по општини и региони и вкупно 4.900 очекувани неправилности за 2023 година без граница прикажани и во табеларен преглед во формат како во Табела 3. подолу.]

**Распоред на расположивите денови за инспекциски надзор/оф.контрола**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на денови во годината** | **365** |

| | |
|---|---|
| **Викенди** | **105** |
| **Годишни одмори** | **26** |
| **Државни Празници** | **11** |
| **Вкупно работни денови за инспекциски надзор** | **219** |

Во контролите се вклучени 183 инспектори.
Според предвидениот број на надзори,расположиви денови и бројот на инспектори направена е аритметичка проценка на број на надзори по инспектор дневно:
**60532:219=231 контрола дневно:183 инспектори=1,5 контрола дневно по инспектор.**
**Во просек минимум 2 контроли дневно по инспектор.**

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во [2023] година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Аеродром | 991 | 95 | 95 | 1181 | 95 |
| | Арачиново | 39 | 4 | 4 | 47 | 4 |
| | Бутел | 553 | 55 | 55 | 663 | 55 |
| | Гази Баба | 1526 | 153 | 153 | 1832 | 153 |
| | Ѓорче Петров | 568 | 56 | 56 | 680 | 56 |
| | Зелениково | 27 | 5 | 5 | 37 | 5 |
| | Илинден | 456 | 45 | 45 | 546 | 45 |
| | Карпош | 1143 | 115 | 115 | 1373 | 115 |
| | Кисела Вода | 897 | 90 | 90 | 1077 | 90 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Петровец | 303 | 30 | 30 | 363 | 30 |
| | Сарај | 398 | 40 | 40 | 478 | 40 |
| | Сопиште | 160 | 17 | 17 | 194 | 17 |
| | Студеничани | 241 | 24 | 24 | 289 | 24 |
| | Центар | 7304 | 748 | 748 | 8800 | 748 |
| | Чаир | 717 | 73 | 73 | 863 | 73 |
| | Чучер - Сандево | 111 | 10 | 10 | 131 | 10 |
| | Шуто Оризари | 59 | 6 | 6 | 71 | 6 |
| | Велес | 1497 | 149 | 149 | 1795 | 149 |
| | Градско | 37 | 4 | 4 | 45 | 4 |
| | Демир Капија | 150 | 9 | 9 | 168 | 9 |
| | Кавадарци | 1134 | 113 | 113 | 1360 | 113 |
| | Лозово | 26 | 2 | 2 | 30 | 2 |
| | Неготино | 544 | 56 | 56 | 656 | 56 |
| | Росоман | 44 | 4 | 4 | 52 | 4 |
| | Свети Николе | 1003 | 101 | 101 | 1205 | 101 |
| | Чашка | 109 | 10 | 10 | 129 | 10 |
| | Берово | 637 | 63 | 63 | 763 | 63 |
| | Виница | 525 | 53 | 53 | 631 | 53 |
| | Делчево | 826 | 82 | 82 | 990 | 82 |
| | Зрновци | 22 | 2 | 2 | 26 | 2 |
| | Карбинци | 47 | 5 | 5 | 57 | 5 |
| | Кочани | 857 | 85 | 85 | 1027 | 85 |
| | Македонска Каменица | 72 | 7 | 7 | 86 | 7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пехчево | 150 | 15 | 15 | 180 | 15 |
| | Пробиштип | 529 | 53 | 53 | 635 | 53 |
| | Чешиново | 112 | 11 | 11 | 134 | 11 |
| | Штип | 1393 | 139 | 139 | 1671 | 139 |
| | Богданци | 286 | 28 | 28 | 342 | 28 |
| | Босилово | 182 | 19 | 19 | 220 | 19 |
| | Валандово | 199 | 19 | 19 | 237 | 19 |
| | Василево | 129 | 13 | 13 | 155 | 13 |
| | Гевгелија | 922 | 92 | 92 | 1106 | 92 |
| | Дојран | 164 | 16 | 16 | 196 | 16 |
| | Конче | 32 | 3 | 3 | 38 | 3 |
| | Ново Село | 205 | 20 | 20 | 245 | 20 |
| | Радовиш | 937 | 72 | 72 | 1081 | 72 |
| | Струмица | 2837 | 283 | 283 | 3403 | 283 |
| | Вевчани | 17 | 1 | 1 | 19 | 1 |
| | Дебар | 202 | 19 | 19 | 240 | 19 |
| | Дебарца | 78 | 7 | 7 | 92 | 7 |
| | Кичево | 918 | 91 | 91 | 1100 | 91 |
| | Македонски Брод | 176 | 17 | 17 | 210 | 17 |
| | Охрид | 1942 | 192 | 192 | 2326 | 192 |
| | Пласница | 14 | 1 | 1 | 16 | 1 |
| | Струга | 1159 | 115 | 115 | 1389 | 115 |
| | Центар Жупа | 29 | 3 | 3 | 35 | 3 |
| | Битола | 2824 | 285 | 285 | 3394 | 285 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Демир Хисар | 290 | 28 | 28 | 346 | 28 |
| | Долнени | 144 | 14 | 14 | 172 | 14 |
| | Кривогаштани | 66 | 7 | 7 | 80 | 7 |
| | Крушево | 307 | 30 | 30 | 367 | 30 |
| | Могила | 37 | 5 | 5 | 47 | 5 |
| | Новаци | 98 | 9 | 9 | 116 | 9 |
| | Прилеп | 2069 | 208 | 208 | 2485 | 208 |
| | Ресен | 619 | 61 | 61 | 741 | 61 |
| | Боговиње | 165 | 16 | 16 | 197 | 16 |
| | Брвеница | 121 | 13 | 13 | 147 | 13 |
| | Врапчиште | 90 | 10 | 10 | 110 | 10 |
| | Гостивар | 1642 | 155 | 155 | 1952 | 155 |
| | Желино | 113 | 11 | 11 | 135 | 11 |
| | Јегуновце | 160 | 15 | 15 | 190 | 15 |
| | Маврово и Ростуша | 202 | 20 | 20 | 242 | 20 |
| | Теарце | 150 | 15 | 15 | 180 | 15 |
| | Тетово | 1936 | 120 | 120 | 2176 | 120 |
| | Кратово | 332 | 17 | 17 | 366 | 17 |
| | Крива Паланка | 844 | 28 | 28 | 900 | 28 |
| | Куманово | 2343 | 232 | 232 | 2807 | 232 |
| | Липково | 266 | 27 | 27 | 320 | 27 |
| | Ранковце | 104 | 16 | 16 | 136 | 16 |
| | Старо Нагоричани | 175 | 18 | 18 | 211 | 18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 50732 | 4900 | 4900 | 60532 | 4900 |

## V. Обука на инспекторите и административните службеници

Вложувањето во човечките ресурси е најважната инвестиција за одржлив развој на компетентна администрација. Тоа претпоставува развој на соодветни знаења и вештини кај службениците, следење на современите текови во методите на работењето и примена на новините од информатичко - комуникациските технологии.
Со цел подобрувањето на изведбата на администрацијата и стручното усовршување на службениците, Директорот на Агенција за храна и ветеринарство до МИОА достави Годишна програма за обука на административните службеници. Планираните предлог обуки по сектори ги предложи раководителот на Сектор, по претходна консултација со раководните структури во Агенцијата. Обуките за стручно усовршување на административни службеници, се: генеричките обуки согласно со рамката на општи компетенции и специјализираните обуки во однос на посебните компетенции.
Во согласност со Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година донесена од страна на Инспекцискиот совет подолу е дадена табела во која на прегледен начин е прикажана содржината на програмата, времетраењето на темите, начинот на нивна реализација и временскиот распоред за нивно реализирање, како и бројот на инспектори вработени во Агенцијата за храна и ветеринарство кои пројавиле интерес за одредена област/тема.

Целта на овие обуки е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој, како и стекнување знаења за новитетите во општата законска рамка за инспекциски надзор, унапредување на вештините за професионално однесување, изградба на личниот интегритет на инспекторите, како и подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор.

Во тој контекст, Годишната програма ќе се реализира со користење на новата електронска платформа за учење, која овозможува два начини за on-line учење: 1) во „живо“ и 2) преку самостојно учење.

Обуките кои ќе бидат организирани преку електронската платформа во „живо“, ќе бидат организирани во групи од максимум 50 инспектори, а при самостојно учење нема ограничување на бројот на учесници.

| Бр. | Област/Тема | Број на часови | Временски распоред | | Број на инспектори од АХВ пријавени за обука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | on-line во „живо“ | on-line самостојно учење | |
| 1 | Област 1 – Законодавство | | | | |
| Тема 1.1 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор) | 12 | 9-та седмица | Фев - Март | 42 |
| Тема 1.2 | Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор) | 12 | 11-та и 12-та седмица | Фев – Март | 17 |
| Тема 1.3 | Начела и организација, постапки,одговорност и санкции(Закон за прекршоци) | 6 | 16-та седмица | Апр – Јуни | 40 |
| Тема 1.4 | Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | 6 | 21-ва седмица | Апр – Јуни | 39 |
| Тема 1.5 | Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење) | 6 | 24-та седмица | Апр – Јуни | 19 |
| Тема 1.6 | Компјутерска обработка на текст | 6 | 38-ма седмица | Сеп | 29 |
| Тема 1.7 | Компјутерска обработка и табеларни пресметки | 6 | 39-та седмица | Сеп | 10 |
| Тема 1.8 | Етика | 6 | 41-ва седмица | Окт – Ное | 24 |
| Тема 1.9 | Управување со време | 6 | 43-та седмица | Окт – Ное | 66 |
| Тема 1.10 | Комуникација | 6 | 45-та седмица | Окт – Ное | 52 |
| Тема 1.11 | Управување со стрес | 6 | 47-ма седмица | Окт – Ное | 33 |
| Тема 1.12 | Изработување на управни акти | 6 | 45-та седмица | Окт – Ное | 51 |
| Тема 1.13 | Спречување на корупција | 6 | 47-ма седмица | Окт – Ное | 36 |

***Табела бр. 1** - Годишна план за генерички обуки на инспекторите за 2023 година*

Инспекторите во Агенција за храна и ветеринарство имаат право и должност стручно да се оспособуваат за извршување на своите работи и работни задачи во согласност со Годишната програма за стручно оспособување и усовршување во областа на инспекцискиот надзор за официјални ветеринари и инспектори за храна (*Табела бр.2*).

***Табела бр. 2 .** Приказ на потреби за специјализирани обуки*

| Бр | Тема | Целни групи | | Период -квартал | | | | Финансиски средства | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Официјален ветеринар | Инспектор за храна | I | II | III | IV | Буџетна органот | Други извори | Часови |
| 1 | Закон за ветеринарно здравство („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15, 154/15 и 53/16);<br>- Биосигурносни мерки во одгледувалишта на свињи<br>- Контрола на издавањето на сертификати за здравствена состојба на животните во внатрешен промет | ✔ | | + | + | | | | | 6 |

| Бр | Тема | Целни групи | | Период -квартал | | | | Финансиски средства | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Официјален ветеринар | Инспектор за храна | I | II | III | IV | Буџет на органот | Други извори | Часови |
| 2 | - Закон за безбедност на храната („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15, 129/15, 213/15 и 39/16 );<br>- Спроведување на официјални контроли во објекти за извоз во ЕУ и трети земји<br>- HACCP принципи | ✔ | ✔ | + | + | | | | | 24 |
| 3 | - Закон за безбедност на храната за животи („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/15 и 53/16 );<br>- Спроведување на официјални контроли на храна во одгледувалишта на животни | ✔ | | | | + | | | | 4 |

| Бр | Тема | Целни групи | | Период -квартал | | | | Финансиски средства | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Официјален ветеринар | Инспектор за храна | I | II | III | IV | Буџет на органот | Други извори | Часови |
| 4 | - Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16);<br><br>- Спроведување на контрола на Благосостојба во живинарски фарми | ✔ | | | | + | | | | 3 |
| 5 | - Закон за идентификација и регистрација на животните („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 27/14, 149/15/ и 53/16);<br><br>- Спроведување на контроли во однос на ИиР во одгледувалишта на пчели и одгледувалишта на овци/кози | ✔ | | + | | | | | | 4 |

| Бр | Тема | Целни групи | | Период -квартал | | | | Финансиски средства | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Официјален ветеринар | Инспектор за храна | I | II | III | IV | Буџет на органот | Други извори | Часови |
| 6 | - Закон за нуспроизводи од животинско потекло („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 144/14, 149/15 и 53/16);<br>- Контрола на нус производи во кланица-создавање,селектирање, транспорт и нештено отстранување. | ✔ | | | | | + | | | 4 |
| 7 | - Закон за ветеринарно медицински препарати („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16)<br>- Спроведување на контрола на ВМП на ниво на одгледувалиште | ✔ | | | | | + | | | 3 |

*Табела бр. 3 - Годишна план за специјализирани обуки на административните службеници во Агенција за храна и ветеринарство за 2023 година.*

Учесници на обуките согласно овој План според својот делокруг на работа ќе бидат:

- Официјални ветеринари
- Инспектори за храна

Времетраење на специјализираните обуки:
- за официјални инспектори изнесува 32 - работни часа односно 4 - работни дена и се изведува за време на работни денови;
- за инспектори за храна изнесува 16 - работни часа односно 2 - работни дена и се изведува за време на работни денови.

Целите на спроведување на обуките се Општи и Специфични.

1. **Општи цели на обуките се:**

- успешно самостојно извршување на работните задачи и
- развивање на високо ниво на знаење, вештини и однесување при извршување на инспекцискиот надзор.

**2. Специфични цели на обуките се учесниците по завршување на обуките:**

Да може да извршуваат целосна контрола во имплементирањето на материјалните закони во практиката кои се во надлежност на соодветните инспектори, применувајќи при тоа соодветни пропишани процедури произлезени од прописите наведени во програмата.
Едукација на инспекторите за постапките што се водат согласно Законот за инспекциски надзор, Законот за прекршоци и Законот за општа управна постапка;
Појаснување околу доследно спроведување на постапката за порамнување и мандатна постапка со земање во предвид на сите околности произлезени од матерјалните и пропратните законските прописи поврзани околу овие постапки;
Практично и теоретско појаснување во врска со спроведување на пропишана постапка за случај кога при прекршокот е констатирано повреда на законот од странско физичко или странско правно лице и одговорното лице во странското правно лице;
Едукација во врска со поднесени претставки од страна на физичко или правно лице;
Обука за запознавање и користење на податоците за откривање на прекршоци од ЕХИМ системот водени во електронска форма од Царинската управа за откривање на прекршоци и превземање на соодветни мерки.

**3. Конкретни теми на специјализираните обуки од програмата:**

- Едукација на инспекторите од Агенција за храна во врска со практична примена, преку студии на случај на специфичностите произлезени од **материјалните закони**;
- Управни дејствија, тек на постапката, надлежност, вонредни случаи за укинување и поништување на управни акти, известување и достава, основни начела, комуникацја помеѓу јавните органи и странките, како и управна соработка (правна помош), согласно **Закон за општа управна постапка**.
- Појаснување околу доследно спроведување на прекршочна постапка, забрзани постапки за порамнување со одмерување на глоба и спогодување, прекршочни санкции за правни лица и трговци поединци, прекршок и прекршочна одговорност, поведување на прекршочна постапка пред прекршочен орган, во врска со **Законот за прекршоците** во кој ќе се земат во предвид сите околности произлезени од материјалните и пропратните законски прописи поврзани околу овие постапки.

- Права, обврски и овластувања на инспекторите, посебни дејствија во инспекциска постапка, постапка за вршење на инспекциски надзор, статус на инспекторите, прекршочни одредби, основни начела на инспекциски надзор со наод на состојба и донесување на инспекциски акти, спроведување на инспекциски надзор, координирање на инспекциски надзори, методологија за вршење инспекцски надзор, планирање на надзорите евиденција на инспекциските надзори и инспекциските постапки (нивно водење и архивирање), согласно **Закон за инспекциски надзор.**
- Архивско работење (прием, архивирање, деловодни книги и книги за евиденција и чување на акти, коефициент на сложеност на делото), елаборирање на целата упредба со посебен акцент на деловодник/УП и ИП уписник, електронско водење на акти (комјутерски вештини), канцелариско работење, општи одредби, разведување на предмети, заведување и разведување на предмети, деловодник и ИП1 образец, архивски знаци, чување на архива и уништување на актите со поминат рок, рок за чување на архивска граѓа, УП1 и УП2, која обука и теми произлегуваат од **Уредба за канцелариско и архивско работење** од Закон за архивски материјал.

## VI. Буџет и финансирање

Ресурсите за финансирање на работата на Агенцијата се обезбедуваат од:

1. Буџетот на Република Северна Македонија;
2. Сопствен приход;
3. Од буџетот на Европската Унија согласно критериумите утврдени во билатералните договори склучени меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија;
4. Донации и други извори утврдени со закон.

Врз основа на Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, АХВ планира да располага со буџет во вкупен износ од 738.362.000,00 денари, од кои за:

| Категорија ставка (опис) | денари |
|---|---|
| **плати и надоместоци** | 208.422.000,00 денари |
| **стоки и услуги** | 34.000.000,00 денари |
| **капитални расходи** | 226.440.000,00 денари |

Платите и останатите финансии за спроведување на редовните активности и операции на Агенцијата се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Средствата се предвидуваат на годишно ниво во координација со Министерството за финансии.

Во рамките на Агенцијата (Кабинет на Директорот) **има одделение за финансиски прашања**, Во моментов за АХВ работат 4 административни работници. Обезбедуваат поддршка при реализација и контрола на буџетот и подготовката на финансиската евиденција. Персоналот од АХВ обезбедува информации за искористувањето на буџетот, вклучително сметки и други записи на барање, и согласно нормите утврдени во Закон.

**АХВ добива буџет од Владата за:**

1. Извршување на секојдневните функции на АХВ;
2. Спроведување на официјални контролни програми.

Согласно распределениот буџет, АХВ изработува годишна програма и го дели буџетот на три главни дела:

1. Набавка – набавка на добра, опрема;
2. Услуги – ИТ, сервисирање на возила, осигурување, превод, печатење;
3. Работа – конструкција.

## VII. Меѓународна соработка

Со цел остварување континуирано приближување кон политиките и праксите на Европската унија, Агенцијата за храна и ветеринарство во рамките на своето работење соработува со внатрешните и надворешните институции кои се надлежни за ветеринарна политика и безбедност на храна, за што има склучено и меморандуми за соработка со голем број институции.

Агенцијата за храна и ветеринарство со своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата и преговори за пристапување во рамките на својата надлежност и учествува во работни групи во НПАА на Поглавје 12 - Безбедност на храна и ветеринарство и фитосанитарна политика.

Во рамките на Одделението за меѓународна соработка и комуникација, меѓу останатите активности, за 2023 година се планира спроведување обуки организирани од страна на меѓународни донатори, и тоа:

- Подготовка, организација, координирање за учество на претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство и други релевантни институции на обуки во организација на Генералниот директорат на Европската комисија за "Здравје и безбедност на храна" (*DG SANTE),* "Подобра обука за побезбедна храна"/"*Better*

*training for safer food (BTSF)”.* Во рамки на оваа програма за 2023 година планирани се обуки на следните теми:

- Подготвеност за справување со болести кај животните, вклучително рано предупредување, планирање итни мерки и контрола на болести кај животните;
- Исхрана на животни – Правила на ЕУ за хигиена на храна на животни и HACCP аудит;
- Подготвеност и управување со труења со храна;
- Хигиена на храна и програми за контрола;
- Регулатива за официјални контроли;
- Законодавство на ЕУ и политичка рамка за органско производство и означување на органски производи;
- TSE и нус-производи од животинско потекло; и др.

- Други меѓународни донатори

Агенцијата за храна и ветеринарство како национално координативно тело на Европската агенција за безбедност на храна (во понатамошниот текст: EFSA) во 2023 година ќе продолжи со своето активно учество во активностите кои ќе бидат организирани во приоритетните области.

Во 2023 година, Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи да дава свој придонес во мрежите за проценка на ризик преку работни групи на EFSA од различни тематски области: зоонози, хемиски контаминанти, резидуи од пестициди и ветеринарно медицински препарати, алиментарни интоксикации, антимикробна резистентност, БСЕ/ТСЕ итн.

Основна цел на овие работни групи е да доставуваат национални податоци за соодветните тематски содржини со што ќе се придонесе за воспоставување на база на податоци на ниво на земји членки на Европската унија и земји корисници на IPA програмата.

Во изминатиот период, Агенцијата за храна и ветеринарство имаше активна улога во доставување на податоци за мрежите за зоонози, мониторинг на пестициди и за алиментарни интоксикации, резидуи од ветеринарно-медицински препарати, антимикробна резистентност и заради зголемениот обем на работа но и заради подобрување на квалитетот на доставувањето податоци во ЕФСА, планирано е зголемување на бројот на лица кои ќе бидат вклучени во мрежите за доставување на податоци во ЕФСА и одржување на координативни состаноци заради посоодветно и навремено доставување на бараните податоци.

Со цел да се подигне свеста кај националните релевантни институции и организации во однос на работата и активностите на Европската агенција за безбедност на храна, Агенцијата за храна и ветеринарство во 2023година планира да ги спроведе следните активности:

- Доставување на квартални извештаи за активностите на национално ниво и соработката со други замји во однос на активности поврзани со ЕФСА
- Објавување периодични брошури во кои ќе се презентираат активностите преземени од страна на EFSA, но и објавување други материјали поврзани со проценката и комуникацијата на ризик;
- Ажурирање на базата на ЕФСА со предлог национални проекти во областа на проценката на ризик;
- Вклучување во платформата “Knowledge Junction” која е финансирана од страна на Европската унија со цел размена на научни информации како што се: извештаи, научни трудови, податоци, слики, видео записи, лабораториски анализи, протоколи итн.

**Соработка со Светска трговска организација**

Република Северна Македонија е членка на Светската трговска организација од 2003 година, а со одлука на Владата на Република Северна Македонија, во 2014 година националното Информативно тело за санитарни и фитосанитарни мерки (WTO SPS Enquiry point) е воспоставено во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Како члена на СТО, Северна Македонија има обврска да праќа нотификации од областа на безбедност на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика, а како национално Информативно тело, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да дава одговори на прашања од областа на СПС мерките поставени од земјите членки на СТО, како и да ги обезбедува релевантните документи во врска со кои било прописи поврзани со санитарните или фитосанитарните мерки, постапки на контрола и инспекција, производен и карантински третман, постапки во врска со нивото на дозволена толеранција на пестицидите, постапки за одобрување на адитивите во храната кои се користат на нејзината територија, итн.

Согласно обврските наметнати од членството во СТО, во 2023 година, АХВ ќе продолжи со нотификација на прописи од областа на безбедност на храната и ветеринарната политика, како и со одговарање на прашања од областа на СПС мерките поставени од земјите членки на СТО.

Република Северна Македонија претставувана преку Агенцијата за храна и ветеринарство, како и во изминатите години така и во 2023 година ќе зема активно учество во работата на експертски мрежи на Светската организација за здравствена заштита на животните (WOAH):

- Експертска мрежа за ветеринарни лаборатории
- Експертска мрежа за ветеринарно медицински препарати
- Експертска мрежа за безбедност на храна при производство на животни
- Експертска мрежа за диви животни
- Експертска мрежа за известување за болести

- Експертска мрежа за аквакултура
- Експертска мрежа за благосостојба на животните
- Експертска мрежа за комуникација

Согласно обврските наметнати од членството во WOAH, во 2023 година Агенцијата за храна и ветеринарство, исто како и изминатите години, редовно ќе пријавува евентуална појава на болести на животните на територијата на Република Северна Македонија користејќи го WAHIS системот кој OIE го има развиено за оваа цел а во насока на ефикасно, транспарентно и навремено пријавување на болестите кај животните.

## Соработка во рамките на ЦЕФТА

Агенцијата за храна и ветеринарство во 2023 година ќе продолжи со активното учество во работни тела на ЦЕФТА, ад хок работни групи, Поткомитети кои регулираат одредени трговски области дефинирани како обврски на земјите членки.

Во 2023 година, ќе бидат организирани состаноци на Поткомитетот на ЦЕФТА за земјоделство, вклучувајќи ги санитарните и фитосанитарните прашања, со цел олеснување на трговијата со земјоделски производи и подобрување на соработката во областа на санитарните и фитосанитарните работи во рамките на ЦЕФТА договорот.

Во 2023 АХВ ќе земе учество во техничките работи групи од областа на ветеринарството и безбедност на храната, како и во имплементација на проектот СЕЕД за подготовка на ЦЕФТА ТРАЦЕС НТ.

## ИПА АКТИВНОСТИ

Во текот на 2023 година ќе продолжи да се спроведува проектот “Подобрена контрола на болестите кај животните и имплементација на системот за безбедност на храна” (во рамки на IPA 2018) кој започна со имплементација во април 2022 година и е со предвидено времетраење до октомври 2023 година.

Проектот се состои од 4 компоненти:

 Компонента 1: Ефикасно спроведување на системот за контрола на болести;

 Компонента 2: Зајакнување на капацитетите во областа на безбедност на храната;

 Компонента 3: Подобрување на системот за официјални контроли;

 Компонента 4: Подобрување на системот за собирање податоци и проценка на ризик;

Со овој проект дополнително ќе се зајакнат постоечките системи на надлежниот орган со цел да се подобри состојбата со здравствената заштита на животните и јавното здравје во земјата. Ова ќе се постигне преку зајакнување на институционалната рамка во областа на безбедноста на храната преку обезбедување мултидисциплинарен пристап во сите фази на прехранбениот ланец.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

**Следење и водење на евиденција на објавеното национално законодавство**

СЕУМС ќе продолжи да ги следи објавите на националното усвоено законодавство во Службен весник на Република Северна Македонија и ќе продолжи со известување и проследување на истите до релевантните сектори и одделенија во Агенцијата за храна и ветеринарство на дневна основа.

Редовно ќе ја ажурира базата на објавено законодавство, кое е усогласено со европското законодавство, како и национално законодавство во надлежност на АХВ, и она кое е од интерес за институцијата.

**Одржување на базата за учесници на меѓународни обуки**

СЕУМС е креатор на базата за обуки која претставува важна и ефикасна алатка во евиденцијата на лицата кои посетуваат меѓународни обуки, во надлежност на АХВ.

СЕУМС редовно ќе ја ажурира базата за учесниците на обуките во рамките на BTSF и TAIEX, обуки во организација на IPA проекти, како и други ад хок обуки кои се одржуваат на меѓународно ниво

## VIII. Други активности на инспекциската служба

***<u>Начело на транспарентност и јавност</u>***

При вршење на работите Агенцијата за храна и ветеринарство ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон. На барање на заинтересираните правни и физички лица АХВ е должна да ги достави сите неопходни информации кои би можеле да им бидат од корист, а кои се однесуваат на општата безбедност на крајните корисници и ризикот по животот и здравјето на луѓето и животните, освен информациите за кои со закон не е дозволен пристап.

***<u>Односи со медиумите</u>***

Како етаблирана транспарентна институција, Агенцијата за храна и ветеринарство и продолжува со активно информирање на медиумите и пошироката јавност за активностите кои се од нејзин домен на работа. На интернет страната на АХВ и во медиумите редовно се објавуваат информации за извршени инспекциски контроли. Како одговорна институција за безбедноста на храната и здравствената заштита на

животните, во медиумите и на интернет страната на АХВ во континуитет се објавуваат препораки до населението за безбедно консумирање храна и одгледување на домашни животни и миленици.

За медиумите и јавноста преку одржување на прес конференции од страна на директорот на Агенција за храна се информира за состојбите со појавените заразни заболувања и превентивните мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за спречување на нивна појава и во нашата земја.

***Интернет страница***

Иформации поврзани со и за работата на Агенцијата за храна и ветеринарство во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (http://www.fva.gov.mk). Страната редовно се ажурира со податоци и информации во врска со работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Исто така Агенцијата за храна и ветеринарство соработува со други инспекциски служби и државни институции. Остварува соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите како и соработка со образовни и научни институции поврзани со делокругот на своето работењето.

Агенцијата за храна и ветеринарство согласно начелата од Законот за инспекциски надзор првенствено делува превентивно со својата функција и секогаш е отворена за соработка со голем број на здруженија и невладини организации

***Употреба и надградби на ИТ системите***

Компјутерите се поврзани мрежно со еден главен рутер и повеќе свичови. Во централното седиште на Агенцијата за храна и ветеринарство се користи оптички интернет, додека подрачните единици и граничните премини се приклучени на ADSL интернет линија и ЛТЕ office. Информатичко-комуникацискиот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство вклучува меѓу другото објавување на тендери за јавна набавка од Доменот на ИТ, ажурирање на дигитални сертификати за потребите на Граничната инспекција на АХВ при користење на EXIM системот, комуникација и проследување на хардверска опрема за поправка на добавувачот на услуги НЕОКОМ Скопје итн. Исто така се интервенира по голем број на пријавени ИТ дефекти и притоа истите се отстранети со што е овозможено нормално функционирање на ИТ структурата на АХВ.

**Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ)**

Примарна задача на одделението за идентификација и регистрација на животните, како дел од Секторот за здравствена заштита на животните е одржување, мониторинг и постојана надградба и унапредување на системот за идентификација и регистрација на животните. Тоа претставува систем во кој се идентификуваат и регистрираат животните, одгледувачите на истите, движењата како и активности поврзани со здравствена заштита животните. Во информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) се опфатени животните од видовите говеда, овци и кози, свињи, пчели, домашни миленици, живина, дивеч, аквакултура и копитари. Податоците од ИСАХВ понатаму се користат во спроведувањето на активностите кои произлегуваат од годишната наредба за здравствената заштита на животните, како и за изработка на

извештаи и анализи за потребите на Агенцијата. Податоците исто така се испраќаат до (АФПЗРР, МЗШВ, Завод за статистика и други институции согласно законските овластувања на Агенцијата.

АХВ има потреба од софтверската аликација која треба да овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите. Ова софтверската апликација треба да ги опфаќа сите деловни процеси кои се одвиваат во АХВ и да овозможи структурално да биде компатибилна со барањата на Инспекцискиот совет, Законот за општа управана постапка, Уписникот за предметите од првостепена инспекциска пострапка (ИП1) и други позитивни законски прописи. На тој начин ќе се овозможи комплетна поврзаност на процесите и активностите во рамките на Агенцијата за храна и ветеринарство и поедноставување, олеснување на работата на директните корисници, при евиденција на контролите и при изготвување на извештаии на сите нивоа.

Агенцијата за храна и ветеринарство има донесено Стратешкиот план на Агенцијата за храна и ветеринарство за период од 2021-2023.